# ИЗВЕШТАЈ ОД КОНСУЛТАЦИИ СО ЈАВНОСТА

# ПО

# НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

# ЗА

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД

**Мај , 2022 година**

| | |
|---|---|
| Стратегија: | **СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД** |
| Документ: | **Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид** |
| Имплементатор на проектот: | Општина Охрид |
| **Подготвувач и потписник на Извештајот од консултации со јавноста:** | **Општина Охрид** |
| | Раководител на одделение за заштита и влијание врз животната средина<br>Хавза Р. Каќел |
| Датум: | Мај, 2022 |

## СОДРЖИНА

**1 ВОВЕД** ..... **4**

**2 ПРОЦЕДУРА** ..... **4**

2.1 ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ..... 5

**3 ЈАВНА РАСПРАВА** ..... **6**

2.1 ОДГОВОР НА ЗАБЕЛЕШКИТЕ ОД ОДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА ..... 6

**4 ЗАБЕЛЕШКИ ДОСТАВЕНИ ВО ПЕЧАТЕНА ИЛИ ЕЛЕТРОНСКА ФОРМА** ..... **6**

**5 КОНСУЛТАЦИИ СО ЗАСЕГНАТИ ОРГАНИ** ..... **21**

**6 ЗАКЛУЧОК** ..... **21**

## ЛИСТА НА ПРИЛОЗИ

Прилог 1 - Одлука за спроведување на стратегиска оцена, нејзина објава и мислење од МЖСПП ..... 22

Прилог 2 – Објава на информации за нацрт Извештај за СОЖС и одржување на јавна расправа ..... 25

Прилог 3 - Записник од одржана јавна расправа и листа на присутни ..... 29

Прилог 4 – Коментари добиени во електронска форма ..... 35

# 1 ВОВЕД

Општина Охрид изработи Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид, општина Охрид за која спроведе постапка за стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во рамките на која изработи Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид.

Во рамките на постапката за СОЖС, по завршување на периодот на учество на јавноста, Општина Охрид како орган одговорен за изработка на планскиот документ изготвува Извештај за консултации со јавноста, во согласност со член 69, став 5 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22) и член 10 став 2 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/08 и 45/11).

Извештајот има за цел да даде одговор на сите коментари, мислења, предлози и забелешки, доставени од јавноста во текот на периодот предвиден за јавен увид на Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

# 2 ПРОЦЕДУРА

Директивата за стратегиска оцена на животната средина (2001/42/ЕС) и Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22), бараат одредени планови, програми и стратегии, за кои постои веројатност дека би можеле да имаат значително влијание врз животната средина, да бидат предмет на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС).

Во согласност со одредбите од Законот за животната средина и релевантните подзаконски акти, општина Охрид изработи формулар за утврдување на потребата од Стратегиска оцена на животната средина, врз основа на кој донесе Одлука за спроведување на Стратегиска оцена за животната средина (бр. 21-867/1 од 28.01.2021) за Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид.

Одлуката за спроведување на стратегиска оцена за животната средина за Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид, беа објавени на web страната на општина Охрид и доставени до Министерството за животна средина и просторно планирање. Истите беа прифатени од МЖСПП (доставено Известување арх. бр. УП1-15 685/2), приложени во Прилог 1.

Врз основа на гореспоменатите документи и доставена нарачка од општина Охрид, Друштвото за Еколошки Консалтинг „ДЕКОНС-ЕМА" ДООЕЛ Скопје го изработи Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид.

Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид, беше доставен до општина Охрид на 04.02.2022 година. Нацрт извештајот за СОЖС, Општина Охрид го достави до МЖСПП, со цел добивање на мислење.

## 2.1 Известување на јавноста

Општина Охрид, како орган одговорен за изработка на планскиот документ, а во согласност со член 6 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 147/08 и 45/11) обезбеди информирање и вклучување на јавноста. На 15.02.2022 нацрт Извештајот за СОЖС беше објавен на web станата на општина Охрид и достапен на увид во просториите на Општина Охрид Прилог 2.

Во истата објава на 15.02.2022 година на web станата на општина Охрид, беше објавено и податоци за организирање на јавна презентација и расправа по нацрт Извештајот за СОЖС.

Во согласност со член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 147/08 и 45/11) општина Охрид ја информира јавноста и преку еден дневен весник, достапен на територијата на Република Северна Македонија (Нова Македонија на 16.02.2022, Прилог 2) во кој беа објавени информации:

- дека е изработен и ставен на увид Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегијата за развој на туризмот н општина Охрид (на web страната на општина Охрид и достапен во просториите на општина Охрид);
- е-маил адреса на која јавноста може да даде свое мислење;
- денот, местото и часот на одржување на јавна презентации и јавна расправа по нацрт Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид .

Во согласност со дефинираната постапка за Стратегиска оцена на животната средина во горенаведените правни акти, Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид, беше достапен за јавен увид на веб страната на општина Охрид во период повеќе од 30 дена од денот на објавување (од 15.02.2022 до 16.03.2022 година), како и во печатена форма во просториите на општина Охрид, секој работен ден од 7:30-15:30 h.

# 3 ЈАВНА РАСПРАВА

Во согласност со член 6 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/08 и 45/11), Општина Охрид на ден 09.03.2022 година организираше јавна расправа за Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за развој на туризмот во општина Охрид.

Засегнатата јавност навремено преку web страната на општина Охрид и дневен весник на целата територија на Република Северна Македонија, беше информирана за местото и времето за одржување на јавната расправа (Прилог 2).

Во согласност со законските барања, а со цел да се постигне поголема транспарентност и вклученост на јавноста во процесот на донесување на одлуки по нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за развој на туризмот во општина Охрид, на 09.03.2022 година во просториите на општина Охрид, со почеток во 13:30 часот се одржа јавна расправа по нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за развој на туризмот во општина Охрид.

Од одржаната јавна расправа, подготвен е записник кој е приложен во Прилог 3 од овој Извештај. Во записникот е приложена и листа на учесници од јавната расправа и фотографии.

## 2.1 Одговор на забелешките од одржана јавна расправа

По завршување на јавната презентација на Стратегиската оцена на животната средина за Стратегија за развој на туризмот во општина Охрид, беше отворена дискусија. Забелешките, коментарите и мислењата кои беа презентирани од присутните не се однесуваа на нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

# 4 ЗАБЕЛЕШКИ ДОСТАВЕНИ ВО ПЕЧАТЕНА ИЛИ ЕЛЕТРОНСКА ФОРМА

Во периодот на јавен увид, беа добиени коментари од невладината организација „ФРОНТ 21/42" во електронска форма (приложени во Прилог 4). Во согласност со член 10 од од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/08 и 45/11), збирен одговор на добиените забелешки по однос на нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина се дадени во следната табела.

**Табела 1** Збирен одговор на добиените забелешки од ФРОНТ кон нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина

| Коментар/забелешка | Барање | Одговор |
|---|---|---|
| **1. Барање за продолжување на рокот за јавен увид и доставување забелешки, мислења и предлози** | Продолжување на рокот - овозможување дополнителни 30 дена за доставување на забелешки, мислења и предлози во врска со Стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид и Нацрт СОЖС Извештајот | Роковите за достапност на документите на јавноста и доставување коментари, мислења и сугестии по објавените документи од страна на заинтересираната јавност, се дефинирани со Законот за животна средина и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина, кои пак се усогласени со Архуската конвенција (односно Директивата за СОЖС на ЕУ)<br>**Забелешката и барањето не се прифаќаат** |
| **2. Општ Осврт** | | |
| **Развојна зона Североисточно крајбрежје (рачно нанесени граници со жолта боја)**<br><br>Нацрт-извештајот за СОЖС го наведува Подмоље како локалитет со природни вредности под закана, но не го споменува во описот на природното наследство во Охридскиот Регион. СОЖС Извештајот не се бави со влијанието на предложената урбанизација на околината на Подмоље и следствено на тоа не ни предлага конкретна мерка, камо ли | БАРАМЕ во оваа развојна зона да не се предвидува понатамошна урбанизација; да се предложи забрана за пливање во околината на појасот трски кај Подмоље (односно зоната на строга заштита предвидена во Студијата за ревалоризација на Охридското езеро), како и забрана за било какви пловни објекти во овој дел од езерото; да се препорача ревитализација на клучното живеалиште; да се предвиди расчистување на акумулираните седименти од р. Сатеска; да се наведе потребата за отстранување на дивоградбите во оваа област; да се предложи воспоставување на Програма за набљудување на птици (и за истата да се алоцираат соодветни средства во буџетот); да се предвидат едукативни тури со цел запознавање на туристите со богатството на птици и специфичното живеалиште, како интегрален дел од ИУВ на светското наследство; да се | Со оглед на тоа што развојните туристички зони се само предложени во Стратегијата и за нив дополнително треба да се произнесува секторот за урбанизам од општина Охрид и истото да го регулира преку донесување на урбанистички планови, сметавме дека Извештајот за стратегиска оцена на животната средина не треба да се бави со истите, туку со активностите, дефинирани во акциониот план. За аспектите, кои се однесуваат на забрани за пливање и спортски активности, истите се регулираат на ниво на закони и регулатива од областа на животната средина, природата и здравството (води за пливање), согласно тоа и ќе се постапува во иднина. |

| | | |
|---|---|---|
| да укаже дека урбанизација на оваа територија не би смеела да се спроведе имајќи го предвид нејзиното веќе констатирано негативно влијание врз клучното живеалиште. | предвиди трансформација и стандардизација на плажите во оваа зона во плажи со сино знаме (blue flag beach). | **Кометарот не е соодветен, јасен и не се прифаќа** |
| **Развојна зона Охрид – нов град**<br><br>Нацрт-извештајот за СОЖС го анализира влијанието на предложените активности врз Студенчишко Блато, но фактички дозволува урбанизација околу блатото и изградба на марина во оваа област, не предлага никаква реална мерка за заштита на блатото, не ја ни споменува препораката од УНЕСКО засекогаш да се напушти планот за изградба на марина во Студенчишко Блато. | **БАРАМЕ и Стратегијата и СОЖС Извештајот да ја наведат и спроведат препораката 1а од Извештајот на Реактивната мониторинг мисија во 2020 година, да посочат дека е противзаконски планирање на марина во Студенчишко Блато; да укажат дека е неопходна забрана за урбанизација на територијата на и околу Студенчишко Блато; да предвидат План за ревитализација на Студенчишко Блато кој ќе се изработи во тесна соработка со Рамсарската Конвенција; да укажат на потребата од итно воспоставување на врска меѓу блатото и езерото; да се препорача затворање на плажите кај Студенчишко Блато и Горица Север, кои излегуваат на дел од езерото кој според Студијата за ревалоризација е зона на строга заштита, како и целосно отстранување на објектите на овој дел од крајбрежјето; во оваа област (брегот покрај зоната на строга заштита во езерото), како и во областа Мазија да се препорача отстранување на сите пловни објекти и враќање на природата во нејзината изворна состојба; Стратегијата да предвиди Програма за развој на научен туризам (претходно посочената Програма за развој на набљудување на птици важи и за овој и сите** | Во ниеден дел од СОЖС извештајот марината на Студенчишки канал не е одобрена, заради фактот што самиот изготвувач на СОЖС Извештајот е изготвувач и на Студијата за валоризација на Студенчишко Блато, во која децидно е кажано дека Студенчишкиот Канал треба да се исчисти и да не се користи за марина, односно да се изнајдат други локации за марина.<br><br>**Кометарот не е реален, не се однесува на аспектите на иден туристички развој на општина Охрид и не се прифаќа** |

| | | |
|---|---|---|
| | **останати делови), како и едукативни тури во оваа развојна зона.** | |
| **Развојна зона Поранешна општина Косел** | **Бараме СОЖС Извештајот да се дополни со мерка „Изработка на Студија за утврдување на можно присуство на рисот на Плаќенска планина“ како предуслов за можно планирање на ски центар.** | Во стратегиска оцена за животна средина ќе се дополни со приоритетната мерка: Изработка на физибилити студија за ски центар на Плаќенска Планина, врз основа на претходни истраги за можно присуството на рисот на подрачјето и можните вознемирувања од изградба на Ски центар.<br><br>**Забелешката и барањето се прифаќаат** |
| **Развојна зона Источно крајбрежје** | **БАРАМЕ во Стратегијата и во СОЖС Извештајот да се укаже на неопходноста во областа на Свети Наум да се почитува и спроведува Законот за заштита на природата, и во оваа смисла неопходноста од итно отстранување на платформите на ресторанот Св. Наум и враќање на природата во нејзината изворна состојба. Укажуваме дека НП Галичица веќе еднострано ја раскина Спогодбата за регулирање на меѓусебните односи со Острово БДБ Дооел Охрид и побара отстранување на ресторанот. И во Планот за управување со Охридскиот Регион се наведува потребата од враќање на деградираната природа во првобитна состојба и се посочува токму Острово - Св. Наум. И СОЖС Извештајот за Планот за управување на НП Галичица го посочува истото. Исто така, бараме во стратегијата и во Нацрт СОЖС Извештајот да се укаже на потребата од забрана за пловење по изворите. Посетите во областа на Св. Наум да бидат строго регулирани и да вклучуваат ограничување на дневниот број посетители и влезница со ограничено** | Во препораките од СОЖС Извештајот е потенцирано дека при реализација на сите активности во Акциониот план на Стратегијата треба да се почитуваат: Планот за светското природно и културно наследство, Планот за управување на НП Галичица, идниот План за управување со Охридското Езеро и Студенчишко Блато, како и соодветната законска и подзаконска рамка. Сите други специфики кои се наведуваат во коментарите не се аспекти со кои треба да се бави една стратегија, нити СОЖС Извештајот кој се подоготвува во однос на истата.<br><br>**Кометарот не е соодветен, и не се прифаќа** |

| | | |
|---|---|---|
| | **време на посета. Претходно спомenатата Програма за развој на научен туризам ја вклучува и оваа област (но со посебни ограничувања за областа на Св. Наум). Сметаме дека е неопходно и да се препорача забрана на пловни објекти кај Св. Наум, освен за јавниот транспорт (со наведените ограничувања на бројот на посетители и време на престој). Сметаме дека соодветно за најстарото езеро во Европа и едно светско природно и културно наследство е сите плажи (од кои најголемдел се токму овде) да бидат плажи со сино знаме и Стратегијата треба да ја предложи и буџетира трансформацијата/стандардизацијата, одржувањето и промоцијата на ваквите плажи. Во крајбрежните села да се препорача стопирање на дополнителна урбанизација и итно решавање на проблемот со отпадните води. Да се предвиди Програма за развој на екотуризам (во согласност со препораките на УНЕСКО и според стандардите за екотуризам на ИУЦН).** | |
| **Перигаличка развојна зона и Развојна зона Галичица**<br><br>СОЖС Извештајот ни за активностите предвидени во оваа зона не предлага мерки за намалување на негативното влијание, наместо тоа информира дека урбанизацијата на селата | **БАРАМЕ активностите со кои се предвидува урбанизација на селата да се прецизираат во насока на јасна определба против дополнителна урбанизација, односно проширување/зголемување на урбанизираните површини; да се предвиди активност проценка на влијанието врз животната средина на сите дивоградби на територијата на НП Галичица (односно доследно спроведување на препораките 9 и 2д.) и отстранување на сите дивоградби за кои ќе се констатира негативно влијание. Предложената Програма за екотуризам е валидна и за овие зони** | СОЖС Извештајот, точно и врз основа на Закон ги предложил мерките, затоа што подготовката на урбанистичките планови се прави со цел оптимизација на користење на земјиштето, почитување на определбите на Просторниот План на РНМ и регулативата за планирање. Соодветно урбанистичките планови во Охрид и Регионот мора да се усогласени и со Планот за заштита на природното и културно наследство. |

| | | |
|---|---|---|
| треба да се врши со преземање на мерки за спречување на негативните влијанија врз медиумите на животната средина, што е своевиден апсурд, имајќи предвид дека дефинирање на таквите мерки е една од најосновните функции и задачи на СОЖС Извештајот. | **(како и за сите останати, односно за целата територија на Општина Охрид).**<br><br>**Заклучок од анализата на развојните зони, предложените активности во истите и мерки за намалување на негативните влијанија во СОЖС Извештајот:**<br><br>Ни Стратегијата, ниту Нацрт-извештајот за СОЖС не го споменуваат мораториумот на секаква трансформација, кој и двете мисии на УНЕСКО го посочуваат како клучна и итно потребна мерка за стопирање на уништувањето на сериозно ранливото светско наследство. Двата документи, со целосно игнорирање на една од најважните мерки за зачувување на наследството, предлагаат/одобруваат опции за понатамошна трансформација и истата ја поврзуваат со „препораките на УНЕСКО“.<br><br>Упорната посветеност на надлежните (и сите инволвирани страни) да се доуништи она што е останато од вредностите на светското наследство и тоа да се маскира со фрази од типот на „во согласност со препораките на УНЕСКО“ е навистина феномен чија логика не можеме да ја разбереме, особено што последиците од ваквата фарса неминовно се оставаат на товар на сопствените деца кои нема да имаат богатство за развивање на туризам, колку и да имаат развиена свест и знаење како тоа да го направат. | Урбанизацијата не значи и узурпација на крајбрежно земјиште, туку почитување на веќе донесените документи, закони и правилници за планирање.<br><br>**Кометарот не е реален и не се прифаќа** |
| **3. СОЖС ИЗВЕШТАЈОТ НЕ ГО ПРОЦЕНУВА ВЛИЈАНИЕТО НА ПРЕДЛОЖЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ВРЗ ИУВ НА ПОДРАЧЈЕТО, НИТУ** | Конвенцијата за светско наследство, конкретно Параграф 118 bis. од Оперативниот водич за имплементација на Конвенцијата, налага државите-членки на Конвенцијата, да обезбедат дека СОЖС извештаите за планови во или | Доколку го прочитате назначениот: WORLD HERITAGE ADVICE NOTE: ENVIRONMENTAL ASSESSMENT 18 November 2013, точка 2.1, ќе ви стане јасно за што треба да се зборува во еден |

| | | |
|---|---|---|
| **ПРЕДЛАГА МЕРКИ ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ИСТИТЕ** | околу светското наследство ќе ги идентификуваат позитивните и негативните влијанија врз ИУВ на доброто. Понатаму, Проценката на влијанието врз светското наследство треба да биде во согласност со Советодавната забелешка од ИУЦН (WORLD HERITAGE ADVICE NOTE: ENVIRONMENTAL ASSESSMENT, 18 November 2013). Во оваа смисла, секој СОЖС Извештај кој се однесува на план во или околу светското наследство треба да ги почитува 8те приниципи за процена на влијание врз светско наследство. Укажуваме особено на приниципот 6, | СОЖС извештај, а за што во една ОВЖС студија или елаборат за заштита на животната средина, на ниво на индивидуален проект. Доколку го погледенте и Протоколот за СЕА и соодветната директива на ЕУ, како и Уредбата за содржината на СОЖС Извештајот, ќе сватите дека СОЖС Извештајот е уреден и дава одговор на сите поставени барања во наведените документи.<br><br>„Strategic Environmental Assessment (SEA), which applies to policies, plans and programmes (i.e. multiple or very large projects) – SEAs have the advantage of assessing impacts at a landscape and regional scale before individual projects are decided upon. SEAs can also help to identify economically viable alternatives, for example different routes for roads, so as to avoid impacts on a World Heritage Site; and 2. Environmental and Social Impact Assessment (ESIA), which applies to individual projects. Because ESIAs generally apply to individual projects they are often not well suited to assess the cumulative impacts of multiple projects (existing and planned) at a landscape scale or to identify ‘strategic’ alternatives. Aside from SEA and ESIA, there exist a number of other environmental assessment tools with different names and differing legal requirements. All of these assessment tools are broadly similar in purpose and scope to either SEAs or ESIAs. Throughout this Advice Note, SEAs, ESIAs and other forms of environmental assessments are collectively |

| | | |
|---|---|---|
| | | referred to as Environmental Assessments. The relationship between SEA and ESIA is shown in Figure 1. More strategic levels of assessment, such as SEAs, should inform subsequent ones, such as ESIAs. For example, an SEA for a regional or national road network can support the preparation of ESIAs for individual roads by identifying preferred road options and through the collection of data. However, the SEA will not remove the need to undertake ESIA's for the individual roads. Rather, it will provide decision-makers with a strategic overview of economically feasible road options and their different environmental and social impacts.<br><br>**Погледнете ја Figure 1:** The relationship between more strategic levels of assessment, such as Strategic Environmental<br><br>Assessment (SEA), and project-level assessment, such as Environmental and Social Impact Assessment<br><br>(ESIA) и ќе ви биде јасно каде сме со постапката на ОВЖС и каде треба да бидеме на ниво на проект, што е соодветно третитрано во СОЖС Извештајот |
| **3.2. СОЖС ИЗВЕШТАЈОТ НЕ ЈА СПРОВЕДУВА ДОСЛЕДНО УРЕДБАТА ЗА СОЖС** | СОЖС Извештајот за стратегијата за развој на туризмот во Општина Охрид:<br><br>- во релевантните аспекти на моменталната состојба на животната средина не се осврнува на моменталната состојбата на ИУВ на светското наследство и заклучокот на советодавните тела на УНЕСКО и Центарот за светско | **Поглавие 3.3 Табела 2** Корелација на целите на Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид со други релевантни планови, програми/плански документи<br><br>Во оваа табела е дефинирана неусогласеност на активноста изградба на марина во Студенчишкиот |

| | | |
|---|---|---|
| | наследство дека Охридскиот Регион ги задоволува критериумите да биде впишан во листата на светски наследства во опасност;<br><br>- ниту во „други проблеми кои се релевантни за планскиот документ, вклучувајќи ги посебно оние кои се појавиле во некоја од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите“ нема укажување на најсигнификантниот проблем за зачувување на светското наследство – дека според ИУЦН и ИКОМОС вредностите се толку уништени што се задоволени критериумите Охридскиот Регион да се прогласи за светско наследство во опасност;<br><br>- во „целите на заштитата на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки“ нема цел заштита и унапредување на состојбата на ИУВ на светското наследство;<br><br>- не проценува секундарни, кумулативни, синергистички, трајни и привремени позитивни и негативни ефекти на предложените активности;<br><br>- не разгледува алтернативи, туку само сценарио без и со имплементација на стратегијата;<br><br>- не предлага мерки за заштита, намалување и неутрализирање во најголема можна мерка на сите значајни негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ. | Канал во однос на поставките дадени во Студијата за ревитализација на Студенчишкото Блато, како што следува.<br><br>„**Неусогласеност:** За Студенчишко Блато, како заштитено подрачје, треба да се направи План за управување, која не е спомната во Стратегијата. Идното уредување на Блатото мора да е усогласено со План за управување со Студенчишкото Блато и Стратегијата за природа, како и насоките дадени во Студијата за валоризација на Студенчишко Блато и План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)“<br><br>**Во Поглавје-Мерки, дефинирани се следните мерки:**<br><br>• При донесување на УПД за уредување на Студенчишко Блато и каналот да се земат предвид препораките од ГУП за Охрид и препораките од Студијата за валоризација на Студенчишко Блато (од 2020 година) согласно дефинираните зони за заштита, кои се во насока на зачувување на биолошката разновидност;<br>• Уредувањето на Студенчишко Блато и каналот да се врши во согласност со донесената УПД на начин кој нема да предизвика негативни влијанија врз биолошката разновидност; |

| | | |
|---|---|---|
| | СОЖС Извештајот за стратегијата за развој на туризмот во Општина Охрид:<br><br>- во релевантните аспекти на моменталната состојба на животната средина не се осврнува на моменталната состојбата на ИУВ на светското наследство и заклучокот на советодавните тела на УНЕСКО и Центарот за светско наследство дека Охридскиот Регион ги задоволува критериумите да биде впишан во листата на светски наследства во опасност;<br><br>- ниту во „други проблеми кои се релевантни за планскиот документ, вклучувајќи ги посебно оние кои се појавиле во некоја од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите“ нема укажување на најсигнификантниот проблем за зачувување на светското наследство – дека според ИУЦН и ИКОМОС вредностите се толку уништени што се задоволени критериумите Охридскиот Регион да се прогласи за светско наследство во опасност;<br><br>- во „целите на заштитата на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки“ нема цел заштита и унапредување на состојбата на ИУВ на светското наследство;<br><br>- не проценува секундарни, кумулативни, синергистички, трајни и привремени позитивни и негативни ефекти на предложените активности; | • За утврдување на локациите за марина и места за приврзување на пловила да се изработи соодветна Физибилити студија за избор на најсоодветна локација која ќе има најмали негативни влијанија врз биолошката разновидност. УПД да се изработи за избраната локација за изградба на марина и место за приврзување на пловила, која ќе биде во согласност со препораките на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион;<br>• Изградба на марина да се врши врз основа на изработен проект и одобрена Студија за оцена на влијанијата врз животната средина, одобрена од МЖСПП, во која ќе бидат предвидени мерки за спречување и намалување на негативните влијанијата врз животната средина;<br>• Физибилити студијата за опременоста и уреденоста на новите и постојни плажи да се изработи во согласност со барањата на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион и Планот за управување со сливот на Охридското Езеро;<br><br>Сето наведено погоре, говори за фактот дека Студенчишкиот канал е соодветно третиран во СОЖС Извештајот. Односно кажано е дека активноста не е усогласена со Студијата за валоризација ан Студенчишко Блато. Нормално е дека за ова подрачје мора а се почитува ГУП и |

| | | |
|---|---|---|
| | - не разгледува алтернативи, туку само сценарио без и со имплементација на стратегијата;<br><br>- не предлага мерки за заштита, намалување и неутрализирање во најголема можна мерка на сите значајни негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ.<br><br>Илустрација на мерките кои ги предлага СОЖС Извештајот:<br><br>(Стр. 102) Како мерка за намалување на негативните влијанија од активностите поврзани со стратешката цел 1 се предлага „при донесување на УПД за Студенчишко Блато и каналот да се земат предвид препораките од ГУП за Охрид и препораките од Студијата за валоризација на Студенчишко Блато (од 2020 година) согласно дефинираните зони за заштита кои се во насока на зачувување на биолошката разновидност.“<br><br>**Наш коментар:**<br><br>Не е јасно на кои *„препораки од ГУП за Охрид“* се мисли – сеуште нема ГУП за Охрид кој ќе биде во функција на заштитата на ИУВ на Светското наследство, и покрај фактот дека УНЕСКО веќе една деценија укажува на итната потреба од донесување на ваков ГУП, а истото го потврдуваат и препораките бр. 6 и 7 од Извештајот на Реактивната мониторинг мисија во 2017 г. **Моменталноважечкиот ГУП за Охрид не смее во ниеден случај да се спроведува во областа на и околу Студенчишко Блато бидејќи истиот предвидува нова марина во блатото, како и урбанизација на целата територ ија околу блатото – истиот не само што не може да се третира како „мерка за намалување на негативните влијанија“, туку мора да се истакне како сериозна закана за** | Урбанистичка документација која е важечка и која ќе се донесе. Физибилити студијата и новите решенија за урбанизирање на просторот ќе анализираат алтернативни решенија. Тоа не е предмет на СОЖС Извештајот, туку ќе биде предмет на идна СОЖС, која ќе се однесува на Урбанистичка документација или на Студија за оцена на влијанијата врз животната средина.<br><br>Други мерки, освен оние кои се определени со Закон или со други стратешки и плански акти, се дефинираат на ниво на проект-во студии за оцена на влијанија врз животната средина или во елаборати за заштита на животната средина.<br><br>Другите коментари и инсинуации, не ги коментираме, ниту пак ги одобруваме. Такви коментари можат да даваат само компетентни лица, експерти за СОЖС и ОВЖС или пак оние кои ја оценуваат соодветноста на тие извештаи и студии.<br><br>**Коментарот е направен паушално, по инерција и наликува на претходните, не е реален и не се прифаќа** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Студенчишко Блато (и консеквентно на тоа и за Охридското Езеро и целото Светско наследство). Самиот авторот на овој Нацрт-извештај за СОЖС, како автор на Студијата за валоризација на Студенчишко Блато го истакнува постоечкиот ГУП за Охрид како закана за блатото.** „Дефинираните зони за заштита“ во Студијата за валоризација (од 2020 година) исто така не обезбедуваат доследна заштита на блатото – Студијата не предвидува заштитна (бафер) зона, со што се овозможува урбанизацијата на непосредната околина на блатото (како на пример реализација на УПВНМ Горица Север, кој предвидува урбанизација на околу 17х со викендици, мотели/хостели, ресторани, продавници, клубови, инфраструктура, итн.) и не обезбедува повторно воспоставување на врската помеѓу блатото и езерото, која е прекината со пешачката патека изградена наспроти барањето на УНЕСКО тој проект да не се реализира. Укажуваме дека во рамки на консултациите за случајот кој го покренавме против Македонија пред Бернската конвенција и претставниците на Рамсарската конвенција потврдија дека се загрижени од предложеното зонирање, особено од недостатокот на заштитна (бафер) зона, поради што и изразија интерес да бидат дел од планираната мисија/проценка на терен, како дел од ново-отворениот случај на Бернската конвенција.<br>Следната предложена „мерка“ (уредувањето на Студенчишко Блато и каналот да се врши во согласност со донесената УПД на начин кој нема да предизвика негативни влијанија врз биолошката разновидност) **не е никаква мерка**. СОЖС Извештајот се прави токму за да се посочат конкретни мерки за уредувањето на Студенчишко Блато и каналот да немаат негативни влијанија врз биолошката разновидност и посебните аспекти на истата, вклучително и мерки кои ќе спречат синергични, кумулативни, итн. негативни влијанија. | |

| | | |
|---|---|---|
| | Повторно истакнуваме дека никаква урбанизација во овој дел не може да се смета за било што друго освен закана која е недозволиво да се реализира. Во оваа смисла ги посочуваме следниве (од многуте) цитати од Извештајот на Реактивната мисија во 2020година:<br><br>Понатаму, за изградба на нова марина, како мерка за намалување на негативното влијание се предлага изградбата да се врши врз основа на изработен проект за кој МЖСПП ќе ја одобри Студијата за проценка на влијанието, во која ќе има мерки за спречување на негативното влијание.<br><br>Ни ова не е никаква мерка. 1 – нема градба која се врши без проект и проектот сам по себе во ниедна смисла не обезбедува спречување на негативни влијанија; 2 – МЖСПП е институција која свесно одобрува студии кои изобилуваат со законски прекршувања, намерни заобиколувања на значителни негативни влијанија, општи места наместо мерки за намалување на влијанијата, итн. Може да наведеме многу студии и елаборати кои благодарение на одобрувањето од страна на МЖСПП овозможиле уништување на природата и животната средина, во интерес на просторот ќе го наведеме само примерот со елаборатот за ресторанот Острово кај изворите на Св. Наум, кој флагрантно го крши Законот за заштита на природата, а без никаков проблем е одобрен од МЖСПП. Со други зборови, одобрувањето од страна на МЖСПП не подразбира обезбедување на заштита на природните вредности, истото не обезбедува ни основно почитување на законите кои се токму во надлежност на МЖСПП; 3 – искуството наново и наново покажува дека Студиите за проценка на влијанието во нашата земја се речиси по правило со субстандарден квалитет, многу ретко го запазуваат (дури и формално) и најбазичниот законски минимум за содржината, и речиси не содржат вистински | |

| | | |
|---|---|---|
| | мерки за конкретно намалување на конкретни влијанија врз конкретни вредности, туку површни фрази без никакво реално значење.<br>Со оглед на фактот дека од расположивите информации може да се заклучи дека не се исклучува можноста за изградба на марина на локацијата која е предвидена во актуелниот ГУП за Охрид (во Студенчишко Блато) укажуваме на Препораката 1а од Извештајот на Реактивната мисија во 2020 година: **Засекогаш да се напуштат плановите за марина кај Студенчишко Блато и да се отстранат од сите планирачки инструменти, зонирања кои дозволуваат развој, вклучително и за рекреација, кај Студенчишко Блато** *(Permanently abandon plans for a marina at Studenčišča Marsh and remove from any planning instruments, zoning provisions allowing development, including leisure zones, at Studenčišča Marsh)* – **за која рокот за реализација (даден во 2020 година) е: Итно**<br><br>Во однос на уредувањето на плажите, како мерка за намалување на негативното влијание се наведува препорака физибилити студијата да биде во согласност со Планот за управување и Планот за управување со сливот на Охридското Езеро.<br><br>Повторно, нема никаква мерка. Сите активности на територијата на Светското наследство се подразбира дека мора да бидат во согласност со Планот за управување (тоа го налага Законот за управување со Охридскиот Регион). Почитување на законите е основна претпоставка на секое цивилизирано општество, прикажувањето на истатата како „мерка за намалување на негативното влијание“ го читаме како обид да се | |

| | | |
|---|---|---|
| | пополни просторот во Нацрт-извештајот, во кој нешто мора да се напише. План за управување со сливот на Охридското Езеро всушност и нема, барем не формално усвоен (врз основа на одговорот кој го добивме од страна на МЖСПП во врска со истиот). Документот со таков наслов е производ на процес кој флагрантно го крши Законот за животна средина и Архуската конвенција бидејќи во процесот на неговата изработка не е почитувана ниту една одредба за информирање и учество на јавноста. Со други зборови тоа е незаконски донесен документ кој не смее да биде третиран како валиден, уште помалку земен како референтен документ за било каква активност. | |
| **4. Обезбедување мислење од Центарот за светско наследство на УНЕСКО и неговите советодавни тела** | Бараме Стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид и Нацрт СОЖС Извештајот за стратегијата да се доставт до Центарот за светско наследство на УНЕСКО и неговите советодавни тела, заради обезбедување на мислење во врска со истите, како и да ни доставите копија од добиените мислења. | **Доставено, се чека одговор** |

## 5 КОНСУЛТАЦИИ СО ЗАСЕГНАТИ ОРГАНИ

Во периодот предвиден за консултации со јавноста од страна на засегнатите органи не се доставени забелешки по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид.

## 6 ЗАКЛУЧОК

Во текот на спроведената постапка за учество на јавноста по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид, беа добиени забелешки/коментари од засегнатата јавност. Од одржување на јавната расправа не се доставени забелешки по нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина.

Од невладината организација „Фронт 21/42“ беа доставени коментари и забелешки по нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина во електронска форма. На овие забелешки дадени се одговори.

Прифатените забелешки/коментари, кои се однесуваат на Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина во согласност со Табела 1, ќе бидат усвоени во финалната верзија на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија развој на туризмот на општина Охрид. Финалната верзија на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе ги опфати и промените кои ќе настанат во Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид.

## Прилог 1 - Одлука за спроведување на стратегиска оцена, нејзина објава и мислење од МЖСПП

Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ " бр.53/05,81/05,24/07,159/08,48/10,124/10,51/11,123/12,93/13,42/14,44/15,129/15и 39/16),Општина Охрид, на ден година, 28.01.2021 донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид, плански период (2020 – 2025) кој го донесува Општина Охрид е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина .
2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид, плански период (2020 – 2025) се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за економија, Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Р.М.,Кластер за туризам за југозападна Македонија,Факултет за туризам и угостителство, ЈУ Национален парк Галичица, ХОТАМ, и Општина Охрид
3. За планскиот документ Стратегија за развој на туризмот во, Општина Охрид, плански период (2020 – 2025), кој плански документ го изработува ФТУ Охрид на барање на Општина Охрид, а го донесува Советот на Општина Охрид, донесувањето на овој плански документ ќе има влијание врз животната средина
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти:Влијанието на развојните решенија во поглед на осетливите елементи на животната средина на планираниот опфат(вода, почва, управување со отпад, природното и културно/археолошко наследство).
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Охрид на следната веб адреса/и:www.ohrid.gov.mk
6. Против ова одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната .

Бр. 2п-8671/1

28.01.2021

Место
Охрид

Име и презиме
Градоначалник

Д-р Константин Георгиески



ohrid.gov.mk/за-планскиот-документ-стратегија-за-р/

Apps Settings History Reading list

јануари 29, 2021 | 0

Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ " бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14,44/15, 129/15 и 39/16),Општина Охрид, на ден година, 28.01.2021 донесе

ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

1. За планскиот документ Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид, плански период (2020 – 2025) кој го донесува Општина Охрид е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Закон за животна средина .
2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид, плански период (2020 – 2025) се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за економија, Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Р.М.,Кластер за туризам за југозападна Македонија,Факултет за туризам и угостителство, ЈУ Национален парк Галичица, ХОТАМ, и Општина Охрид
3. За планскиот документ Стратегија за развој на туризмот во, Општина Охрид, плански период (2020 – 2025), кој плански документ го изработува ФТУ Охрид на барање на Општина Охрид, а го донесува Советот на Општина Охрид, донесувањето на овој плански документ ќе има влијание врз животната средина
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти:Влијанието на развојните решенија во поглед на осетливите елементи на животната средина на планираниот опфат(вода, почва, управување со отпад, природното и културно/археолошко наследство).
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Охрид на следната веб адреса/и:ohrid.gov.mk
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА ЗА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД (2020 – 2025)

STOP KORONA!
ЗАШТИТИ СЕ ОД КОРОНА ВИРУСОТ
Национален call центар за информирање
0800 002 03

ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ЗА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН 2020 – 2029

Тоне Н

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

- СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**Арх.бр УП1-15 685/2**
**Дата**

16.02.2021
2л 867/3

**До Општина Охрид**
**Ул. Димитар Влахов бр.57**
**6000 Охрид**
**Република Северна Македонија**

**Предмет: Известување**
**Врска: ваш бр. 21-867/2 од 18.01.2021**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање под **бр. 15-685/1 од 01.02.2021** год. поврзано со постапка за носење на документација Стратегија за развој на **туризмот во Општина Охрид (2020-2025) - Општина Охрид,** Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина („Службен весник" бр: 53/5, 81/5, 24/7, 159/8, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16) Вашата Одлука за спроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина и формуларот, Министерството за животна средина и просторно планирање ги **прифаќа.**

Одлуката заедно со формуларите задолежително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи документот.

Со почит

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
**д-р Христна Оџаклиеска**

Изработил: Милева Тагасовска

Проверил: Сашо Апостолов

Одобрил: Неби Реџепи

# Прилог 2 – Објава на информации за нацрт Извештај за СОЖС и одржување на јавна расправа

# ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ОХРИД 2020-2025 ГОД

- февруари 15, 2022

- 0

Врз основа на чл.69 од Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10, 51/11, 123/12 и 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 , 39/16 и 99/18) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен весник на Р.М. бр. 147/08), Градоначалникот на Општина Охрид

**О Р Г А Н И З И Р А**

1. Јавна презентација и јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид 2020-2025год. Се информира јавноста дека ставен е на увид и јавна расправа Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид 2020-2025год.
2. Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина е изложен во Одделението за заштита и влијание врз животната средина во Општина Охрид секој работен ден од 7:30 – 15:30 часот почнувајќи од 15.02.2022 год. до 16.03.2022 год.
3. Јавната презентација и јавната расправа ќе се одржи на ден 09.03.2022г.во големата сала на Општина Охрид,со почеток во 13:30 часот со задолжително носење маски и пропишана дистанца согласно протоколите за заштита од Ковид 19.Правните и физичките лица и јавноста можат да го доставaт своето мислење во врска со Извештајот до Општина Охрид во рок од 30 дена од денот на објавување на оваа информација
4. Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење,забелешки и предлози по Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина и истите можете да ги испраќате на е_маил : zivotnasredina@ohrid.gov.mk , или по пошта на следната адреса: Општина Охрид , ул. Димитар Влахов бр.57 Охрид.



ohrid.gov.mk/јавна-презентација-и-јавна-расправа-п-8/

Settings History <4D6963726F736F...

ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ОХРИД 2020-2025 ГОД

февруари 15, 2022 | 0

Врз основа на чл.69 од Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10, 51/11, 123/12 и 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 , 39/16 и 99/18) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен весник на Р.М. бр. 147/08), Градоначалникот на Општина Охрид

ОРГАНИЗИРА

1. Јавна презентација и јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид 2020-2025год. Се информира јавноста дека ставен е на увид и јавна расправа Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид 2020-2025год.
2. Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина е изложен во Одделението за заштита и влијание врз животната средина во Општина Охрид секој работен ден од 7:30 – 15:30 часот почнувајќи од 15.02.2022 год. до 16.03.2022 год.
3. Јавната презентација и јавната расправа ќе се одржи на ден 09.03.2022г.во големата сала на Општина Охрид,со почеток во 13:30 часот со задолжително носење маски и пропишана дистанца согласно протоколите за заштита од Ковид 19.Правните и физичките лица и јавноста можат да го доставаат своето мислење во врска со Извештајот до Општина Охрид во рок од 30 дена од денот на објавување на оваа информација
4. Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење,забелешки и предлози по Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина и истите можете да ги испраќате на е_маил : zivotnasredina@ohrid.gov.mk , или по пошта на следната адреса: Општина Охрид , ул. Димитар Влахов бр.57 Охрид.

ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ОХРИД

СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

ЈАВЕН ПОВИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА КУПУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ ВО 2022 ГОДИНА

ЈАВЕН ПОВИК ЗА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ ОД ОБЛАСТА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА, УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ ПРОЦЕС И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

ИЗВЕСТУВАЊА ВО ВРСКА СО ПОСТАПКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛАТА КОСЕЛ, РАМНЕ И СИРУЛА

БАРАЊЕ ДО КОМИСИЈА ЗА

18 | Среда, 16 февруари 2022

# Комерцијален оглас

нова македо

Врз основа на чл.69 од Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 51/11, 123/12 и 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 , 39/16 и 99/18) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен весник на Р.М. бр. 147/08), Градоначалникот на Општина Охрид

**ОРГАНИЗИРА**

1. **Јавна презентација и јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид 2020-2025год.**

Се информира јавноста дека ставен е на увид и јавна расправа Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид 2020-2025год.

2. Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина е изложен во Одделението за заштита и влијание врз животната средина во Општина Охрид секој работен ден од 7:30 - 15:30 часот почнувајќи **од 15.02.2022 год. до 16.03.2022 год.**

3. **Јавната презентација и јавната расправа ќе се одржи на ден 09.03.2022г. во големата сала на Општина Охрид,**со почеток во 13:30 часот со задолжително носење маски и пропишана дистанца согласно протоколите за заштита од Ковид 19.

4. **Правните и физичките лица и јавноста можат да го доставaт своето мислење во врска со Извештајот до Општина Охрид во рок од 30 дена од денот на објавување на оваа информација**

**Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење,забелешки и предлози** по Извештајот за стратегиска оцена на влијанието **на животната средина** и истите можете да ги испраќате на е_маил : zivotnasredina@ohrid.gov.mk , или по пошта на следната адреса: Општина Охрид , ул. Димитар Влахов бр.57 Охрид.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Кирил Пецаков**

---

И

Извршителот Саветка Георгиева од Струмица врз основа на барањето за спроведување на извршување од довери
тал Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030996254241 и седиште на ул.Никола Кљусев бр.1, засновано на извршната
ОДУ.бр 22/20 од 10.01.2020 на Нотар Данче Шеримова, против должникот Ацо Чоревски од Струмица со живеалиште
нинова бр.108, за спроведување на извршување во вредност 878.982,00 ден., на ден 15.02.2022 година го донесува сле

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:
-КП.бр.2695, дел 1, Викано место ПОНАИР, катастарска култура гз/гиз, со површина од 146 м2,
-КП.бр.2695, дел 1, Викано место ПОНАИР, катастарска култура гз/зпз 1, со површина од 54 м2,
запишана во имотен лист бр.884 за КО БАНСКО-ВОНГРАД при АКН Струмица, која се наоѓа во сопственост до
Ацо Чоревски од Струмица.

ЗАБЕЛЕШКА, Согласно проценката на недвижност од 18.01.2022 година на ДПТУИ ИДЕА-консалтинг ДООЕЛ
Геодетски елаборат од 17.11.2021, заведен под деловоден број 0906-115/5-2021 од 15.11.2021 година на ДГ ГЕО ПРЕМ
Струмица и Записник за попис на предметна недвижност И.бр.910/2021 од 11.11.2021 година, констатирано е дека, на
е изграден објект-викенд куќа која не е запишана во имотен лист, а се состои од катност сутерен и приземје, со вкупн
од 82,96м2 од кои (17,18 м2-сутерен+48,82 м2 приземје+16,96 м2-трем на приземје), што значи дека објектот е беспра
ден и за истиот должникот има поднесено Барање за утврдување на правен статус на бесправен објект заведен под УП
од 25.08.2011 година при Општина Струмица-Сектор за урбанизам и комунални работи, каде ќе се изврши пренос (пр
новиот сопственик. Изградениот објект-викендица зафаќа 15 м2 дел од КП.бр.2695/3, а кој КП.број е сопственост на д

Продажбата ќе се одржи на ден 04.03.2022 година, во 12.00 часот во просториите на Извршител Саветка Георгие
мица, ул.Ленинова ГТЦ бр.14/1-13.
Почетната вредност на недвижноста, заедно со градежната вредност на објектот, утврдена со заклучок на изврш
И.бр.910/2021, изнесува 1.014.801,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.
Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености, Налог за извршување врз недвижност И.бр.910/20
барање се спроведува ова извршување. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зград
не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот
вање на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купу
силно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.
На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (едн
тина) од утврдената вредност на недвижноста.

# Прилог 3 - Записник од одржана јавна расправа и листа на присутни

Република Северна Македонија
Општина ...
Единица ...
Бр. 21-1898/3
16.03.2022
ОХРИД

Врз основа на член 61 став 5 од Закон за животната средина ("Службен Весник на РМ" бр. 53/05; 81/05; 79/06; 101/06; 109/06; 24/07; 159/08; 83/09; 161/09; 1/10; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13; 187/13; 42/14; 44/15; 129/15; 192/15; 39/16; 28/18; 65/18 и 99/18) и член 8 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина ("Службен весник на РМ", бр. 147/08 и 45/11), како и донесената одлука за организирање на јавна презентација на нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид, изготвен е

## ЗАПИСНИК

за одржана јавна расправа по нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за нацрт Стратегија за развој на туризмот во општина Охрид

На ден 09.03.2022, во 13:30 часот, во просториите на општина Охрид, се одржа јавна расправа по нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за нацрт Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид (во понатамошниот текст: Стратегијата).

Процедурата за стратегиска оцена на животната средина и содржината на нацрт Извештајот за стратегиска оценка на животната средина, ги презентираше Менка Спировска, дипл. биолог и експерт за стратегиска оцена на животната средина од Друштвото на еколошки консалтинг „ДЕКОНС ЕМА" ДООЕЛ Скопје.

Со презентацијата беа опфатени следните поглавја:

- процедурите на стратегиска оцена на животната средина и законската регулатива;
- целите на стратегиската оцена;
- содржината на извештајот за стратегиска оцена;
- други релевантни планови и програми/плански документи за планскиот опфат;
- опис на постојна состојба и планирана состојба;
- корелација на целите на Стратегијата со други релевантни планови и програми/плански документи на национално, регионално и локално ниво;
- состојба без имплементација на Стратегијата;

Во текот на презентација беше даден посебен осврт на:

- области кои се од посебно значење за животната средина од аспект на заштита на дивите птици и хабитати;
- очекуваните влијанија врз животната средина од реализација на планската документација и мерките за надминувања на истите;

- анализа на алтернативи;

За спречување/намалување на влијанијата врз медиумите и областите од животната средина, изработувачот на нацрт Извештајот за стратегиска оценка на животната средина ги даде следните препораки и мерки:

- подготовка на годишни извештаи за реализација на акциониот план од Стратегијата, како инструмент за следење на нејзината имплементација;
- при имплементацијата на акциите од Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид да се следат и имплементираат препораките дадени во Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029), во однос на заштитата на културното и природното наследство;
- подетална анализа на влијанијата врз животната средина од реализацијата на плански содржини да се направи на ниво на проект (со изработка на Елаборат за заштита на животната средина, Студија за оцена на влијанијата врз животната средина и/или ИСКЗ дозвола);
- почитување на мерките, предвидени за намалување на можните влијанија од предвидените акции:

- При донесување на УПД за уредување на Студенчишко Блато и каналот да се земат предвид препораките од ГУП за Охрид, препораките од Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020-2029), Студијата за валоризација на Студенчишко Блато (од 2020 година), Студијата за валоризација на Охридското Езеро (2021), согласно дефинираните зони за заштита, кои се во насока на зачувување на биолошката разновидност;
- Уредувањето на Студенчишко Блато и каналот да се врши во согласност со донесената УПД на начин кој нема да предизвика негативни влијанија врз биолошката разновидност, усогласено со плановите за управување со заштитените подрачја Студенчишко Блато и Охридско Езеро;
- За утврдување на локациите за марина и места за приврзување на пловила да се изработи соодветна Физибилити студија за избор на најсоодветна локација која ќе има најмали негативни влијанија врз биолошката разновидност и ќе се базира на научни истраги. УПД да се изработи за избраната локација за изградба на марина и место за приврзување на пловила, која ќе биде во согласност со препораките на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион;
- Изградба на марина да се врши врз основа на изработен проект и одобрена Студија за оцена на влијанијата врз животната средина, одобрена од МЖСПП, во која ќе бидат предвидени мерки за спречување и намалување на негативните влијанијата врз животната средина;
- Физибилити студијата за опременоста и уреденоста на новите и постојни плажи да се изработи во согласност со барањата на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион и Планот за управување со сливот на Охридското Езеро;
- Развојот на руралните средини во функција на туризмот да се врши со преземање на мерки за спречување на негативни влијанија врз води, почва, природно и културно наследство;
- Унапредување на фармерското производство на начин кој ќе обезбеди заштита на животната средина, природното и културното наследство;

- Унапредувањето на туристичката инфраструктура да се врши согласно законските регулативи на Законот за просторно и урбанистичкото планирање, Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион и плановите за управување со Охридското Езеро, Студенчишко Блато и т.н;
- Активно вклучување на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки;
- Оценувањето на влијанијата врз животната средина од Физибилити студија за развој на подводен туризам и Студија за можностите за развој на зимско-спортски активности да се утврдат на ниво на изработени документи, во согласност со законските барања на Законот за животната средина и подзаконските акти;
- Изработката на Физибилити студија за развој на подводен туризам, Студија за можностите за развој на зимско-спортски активности и другите стратегии, планови и сл. да биде во согласност со препораките на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион; Студијата за валоризација на Студенчишко Блато (од 2020 година) и идниот план за управување со заштитено подрачје, како и Планот за управување со сливот на Охридското Езеро и т.н.;
- Планот за унапредување на хигиената на општината во услови на зголемен број на туристички посетители да се изработи/донесе во согласност со програмата за работа на ЈП „Охридски Комуналец", Охрид (управување со отпадот, одржување на парковско зеленило, чистота и подигање на непрописно паркирани возила) и Регионалниот план за управување со отпад од југозападен и пелагониски плански регион.

По презентацијата на нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за нацрт Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид, беше отворена дискусија, но никој од присутните не даде забелешки, коментари, мислења, препораки и сл.

Јавната расправа заврши во 14:30 часот.

Составен дел на овој записник е Списокот на присутни и фотографии направени на денот на одржување на јавната расправа, дадени во прилог.

Датум на изработка: 23.03.2022

Изготвил:

Јасминка Т. Момироска – Советник за животната средина

Одобрил:

Хавза Р. Каќел - Раководител на одделение за заштита и влијание врз животната средина

Градоначалник на општина Охрид
Кирил Пецаков

**Прилог 1** Список на присутни на јавната расправа по нацрт извештајот за СОЖС за Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид (2022-2027) и фотографии од присутните

СПИСОК НА ПРИСУТНИ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И РАСПРАВА ПО ОДНОС НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОЖС ЗА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ОХРИД

Одржана на 09.03.2022г.

| Име и презиме | Институција | Контакт телефон | E-mail адреса |
|---|---|---|---|
| Хавза Р. Какел | Општина Охрид | 075/657 230 | havzakakel@hotmail.com |
| Јасмина Т. Момироска | Општина Охрид | 075/453-298 | jasmina-972@yahoo.com |
| Наум Макарийоски | Факултет за туризам | 070237812 | [illegible] yahoo.com |
| Михаел Ристески | ФТУ - Охрид | 072/227-414 | michael.risteski@uklo.edu.mk |
| Цветко Андреески | ФТУ - Охрид | 070232337 | cvetko.andreeski@uklo.edu.mk |
| [illegible] | [illegible] | [illegible] | m.spirovski[illegible].com |
| Сезгин Алиев | Општина Охрид | 071-255-591 | syarta_ch@hotmail.com |
| Ирена З. Драневска | Општина Охрид | 070-276-[illegible] | irena.zdranevska@ohrid.gov.mk |
| Габриела Милошоска | Општина Охрид | 078540711 | gmilosovska@yahoo.com |
| Весна А. Ангелеска | Општина Охрид | 078/251-357 | vesnicangeleska@yahoo.com |
| Маја Иванчиќ | Општина Охрид | 070/207-992 | maja_ivancic@yahoo.com |
| Милена Зупоноска | Општина Охрид | 076526707 | mail: milena.zuponoska@ohrid.gov.mk |
| Зимче Стефаноски | Општина Охрид | 078/476-138 | dimce.stefanoski@ohrid.gov.mk |
| Ива Николоска | Општина Охрид | 078 226-200 | iva_aiesec@yahoo.com |





# Прилог 4 – Коментари добиени во електронска форма

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

17.03.2022 година, Скопје

**До:**
**Општина Охрид**

Врз основа на член 7 од Архуската Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правда за прашањата поврзани во животната средина; член 8 од Уставот на РСМ; член 2 став (2) од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион; член 17 и 69 став (3) од Законот за животна средина; член 6 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина и Препорака бр. 11 од Извештајот на Реактивната Мониторинг Мисија, ги доставуваме следните:

**КОМЕНТАРИ КОН**
**СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗАМ ВО ОПШТИНА ОХРИД СО АКЦИОНЕН ПЛАН (2020-2025)**
**И НАЦРТ-ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗАМ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**1. Барање за продолжување на рокот за јавен увид и доставување забелешки, мислења и предлози**

Имајќи предвид дека Стратегијата за одржлив развој на туризмот во Општина Охрид е од исклучително значење за понатамошниот развој и несомнено има директно влијание врз состојбата на светското природно и културно наследство – Охридскиот Регион, сметаме дека рокот од 30 дена за анализа и доставување на забелешки, мислења и предлози е недоволен.

Ова особено доколку се има предвид фактот дека во истиот временски период трае и јавен увид на Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид и Нацрт СОЖС Извештајот за истата.

Објавувајќи ги двете стратегии со Нацрт СОЖС Извештаите во ист временски период, всушност Општина Охрид овозможува период од по 15 дена за анализа на сите овие документи, што е недоволно време за ефикасно и суштинско учество на засегнатата јавност.

Дополнително, во периодот додека трае јавниот увид за наведените документи, беше организирана јавна расправа за Законот за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата и определен рок за доставување на забелешки, мислења и предлози, десет дена по расправата.

1

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

Објавувањето на сите овие значајни документи во ист временски период не попречува да си го оствариме правото на ефикасно учество во носењето на одлуки поврзани со животната средина, особено одлуки поврзани со нашето најголемо природно и културно наследство – Охридскиот Регион.

Во оваа насока, потсетуваме на Препораката бр. 11 на Реактивната мониторинг мисија од 2017 година:
„Да се разјаснат механизмите за одлучување и задачите и функциите на Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион и **да се воспостават вистински пристапи за учество во управувањето со доброто за да се обезбеди соодветна вклученост на локалните заедници и граѓанските организации".**

Комитетот за светско наследство на УНЕСКО во Одлуката 43 COM 8B.9 од 2019 година, препорачува Во државите членки (Северна Македонија и Албанија) да се зголеми учеството на заедницата, што пак се повторува како конкретна препорака во Извештајот на Реактивната мониторинг мисија од 2020 година:
**„Зголемете го учеството на заедницата во управувањето, зачувувањето и следењето на доброто преку промовирање активна соработка помеѓу властите и граѓанското општество и со обезбедување дека состаноците на раководството се отворени за јавноста, како и олеснување на пристапот до официјални информации во врска со управувањето и спроведувањето на Препораките на Комитетот за светско наследство;"**

Архуската Конвенција го гарантира правото на ефикасно учество на јавноста во врска со прашања поврзани со животната средина:

- Член 6 став (3): „**Процедурите за учество на јавноста ќе содржат разумни рокови за различните фази, со кои што ќе се даде доволно време за информирање на јавноста согласно со став 2, и на јавноста ќе и се даде доволно време да се подготви и ефикасно да учествува во текот на донесувањето одлуки за животната средина"**
  Став (4) од истиот член: „Секоја Страна ќе се погрижи за навремено учество на јавноста, кога сите опции се отворени и **кога може да се реализира ефикасно учество на јавноста**"

Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (во понатамошниот текст: Уредба за учество на јавноста):

- Член 2 став (2): „Во постапката за изработката на прописи и други акти (во натамошниот текст: прописи) и/или плански документи, органите на државната управа и органите на единицата на локалната самоуправа (во натамошниот текст: органите), **треба на јавноста да и овозможат ефективно да учествува во изработката на прописите и во донесувањето,** изменувањето и ревидирањето (во понатамошниот текст: изработка) **на планските документи во нивната најрана фаза на нивното донесување**, односно при донесување на одлуката согласно член 4 од оваа уредба".
- Член 6 став (2): „Јавниот увид може да трае **најмалку** 30 дена".

2

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

Имајќи ги предвид горенаведените факти, а врз основа на член 6 став (3) и (4) од Архуската Конвенција; член 2 став (2) и член 6 од Уредбата за учество на јавноста **БАРАМЕ продолжување на рокот - овозможување дополнителни 30 дена за доставување на забелешки, мислења и предлози во врска со Стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид и Нацрт СОЖС Извештајот, како би можеле да го оствариме правото на ефикасно учество во донесувањето на одлуки поврзани со животната средина.**

**2. Општ Осврт**

Општина Охрид се протега на територија која се карактеризира со уникатни вредности од највисок светски стандард, какви што нема ниту една општина не само во земјава, туку на целата планета. Токму поради тие вредности, светот (Обединетите Нации) ја заштитуваат територијата на денешна Општина Охрид, како вредност од значење за целото човештвото и цивилизација, вредност која е важно да биде пренесена во зачувана форма на следните генерации. Логично е овие Исклучителни Универзални Вредности, кои ги нема на ниедно друго место во светот, да бидат во основата на туристичката понуда на Општина Охрид, која треба да биде во функција на заштита на вредностите врз основа на кои постои и се развива.

За жал, од осамостојувањето на Македонија до денес, како последица на начинот на управување, односно одлуките на сите локални и централни власти до сега, уникатните вредности на територијата на Општина Охрид континуирано се деградираат, до степен да денес нивната состојба е толку лоша, што експертите и Центарот за светско наследство оценуваат дека Охридскиот Регион ги задоволува критериумите да биде впишан во Листата на светски наследства во опасност. Успешното политичко лобирање од страна на нашата Влада, Комитетот за светско наследство да ја дискредитира експертската проценка која се базира на 2 посети на терен и директни увиди во реалната состојба – е манифестација на истата неразвиена свест која го донесе Охридскиот Регион до степен на уништеност со кој се карактеризираат светските наследства во опасност. Игнорирањето на фактот дека експертите и Центарот за светско наследство 2 пати во рок од 3 години алармираат дека Охридскиот Регион дефакто е Светско наследство во опасност чии вредности бараат итно спасување – е еден од најпоразителните индикатори на негрижата за сопственото најголемо природно и културно богатство и отсуство на одговорност кон сопствените потомци и кон потомците на целото човештво. Илустрирано со адекватен пример кој лесно се разбира, тоа е како родител кој игнорира дека врвни светски доктори оценуваат дека детето му е тешко болно и пред умирање, наместо препишаната терапија неопходна да го спаси детето, продолжува со истиот третман кој го довело до тешка болест, но се вложува максимално да ги убеди комшиите дека е многу посветен и загрижен родител, затоа што има цел да стане претседател на зградата.

3

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

Ни стратегијата, ниту Нацрт-СОЖС извештајот не го споменуваат фактот дека состојбата на вредностите, кои се пресудни за развој на одржлив туризам во Општина Охрид, но уште поважно – вредности за кои Општина Охрид (и државата Македонија) има законска обврска да ги зачува и пренесе на следните генерации[1] - е толку лоша, што за да се зачува светското наследство неопходен е дијаметрално спротивен пристап кон развојот на туризмот во однос на досегашниот. Развојот на одржлив туризам, кој ќе придонесе кон неопходното унапредување на состојбата на вредностите, првенствено не би смеел да вклучува понатамошна урбана и крајбрежна трансформација – ова УНЕСКО уште од 2017 година ни повторува дека е итна мерка, неопходна за да се зачува светското наследство, а во Извештајот од 2020 година Реактивната мониторинг мисија недвосмислено алармира дека продолжување на трансформацијата, во услови на актуалната ранлива состојба, значи пат од кој нема враќање.

Укажуваме на следниве анализи и препораки на УНЕСКО:
Извештај од 2017 година

Tourism pressures

Considering that a significant number of beach development projects is planned that might affect the state of conservation of the Lake Ohrid and its surroundings, and result with increased pressure to the property, the mission recommends that the State Party provides further information about the extent of beach development to the World Heritage Centre. Also, further information about the planned projects in Studenčišta marsh should be provided to the World Heritage Centre. It is unclear if any planning documentation for the construction of a pedestrian path and a street was developed and where these are located in terms of the location of a marsh, which is a sensitive ecosystem. Tourism pressures are significant in the property. As currently there is no visitor management system in place, it should be a priority to develop and implement an OUV-based sustainable tourism strategy. Furthermore, considering the nature and extent of communicated planned tourism development projects in the property, it seems that commercialisation of the region is the key vision for development. It is strongly recommended to orientate towards genuine protection of the World Heritage property, and, in terms of tourism development, explore naturefriendly options (e.g. birdwatching, hiking, mountain biking). In light of all of the above, the mission makes the following recommendations:

Recommendation 6) Put in place a moratorium on any coastal and urban transformation within the World Heritage property, at least until all relevant planning documents (Management Plan, OUVbased Urban/Coastal Master Plans etc.) have been prepared and adopted, effective protective juridical regulations have been approved, and effective control mechanisms are established;

Recommendation 7) Finalise all relevant planning documents (Management Plan, OUV-based Urban/Coastal Master Plans, OUV-based Tourism strategy, including regulations for tourism activities, movable facilities at the beaches and open-air commercial activity) and submit them to the World Heritage Centre for review by the Advisory Bodies; It is strongly recommended that the SEA process be used for amending and strengthening parts of the Management Plan.

[1] Член 3 од Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион

4

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

Recommendation 8) Rigorously ensure that cumulative impacts of any infrastructure, urban and/or coastal development projects on the OUV of the property are assessed during the Strategic Environmental Assessment for Ohrid Region Management Plan (2016-2025), and submitted to the World Heritage Centre, for review and comments by the Advisory Bodies before any decisions are made that would be difficult to reverse, in accordance with paragraph 172 of the Operational Guidelines.

Recommendation 9) In relation to illegal constructions within the property: a. undertake a detailed inventory of all existing illegal constructions within the property and carry out relevant Heritage and Environmental Impact Assessments (HIA and EIA) to assess their impacts on the OUV of the property, b. remove all illegal constructions within the property and in particular within the Galičica National Park, which, based on the above-mentioned HIAs and EIAs are considered to represent a threat to the property, including its authenticity and conditions of integrity, and c. ensure the strict enforcement of existing laws and regulations to prevent any further illegal construction within the property.

Извештај од 2020 година:

In North Macedonia, theoretically no construction should be allowed within 50m from the lakeshore, however encroachment and artificialization of the coast continues, either informally or through plans envisaged by the local authorities.

In the zone of the Studenčišča Marsh, a massive concrete promenade has been built, without any previous documentation being submitted to the World Heritage Centre, as requested by paragraph 172 of the Operational Guidelines. Concept proposals for the creation of a tourist marina at the marsh continue to exist and to be discussed at the local level. The Ohrid GUP zoning envisages 'recreation' use for this stretch of the lakeshore. An updated aerial view shows that a number of facilities have already been built along the lakeshore, with negative impacts on the connectivity between the marsh and the shore.

Recommendations:

- Proceed with the rationalization of the uses of the lakeshore in all general and detailed plans based on the respect of OUV of the property and avoid further degradation of the ecosystem and landscape integrity of the lakeshore;
- Speed up the process of removal of illegal structures and provide a map of illegal structures and buildings that have been demolished or removed since 2015;
- Ensure that temporary legal structures are dismantled at the end of the tourist season;
- Restore ecologically sensitive sections of the lakeshore that have been degraded such as the Studenčišča Marsh, including removing seasonal tourism facilities and moving those to less sensitive sections.

The construction of tall buildings close to the water; the poor architectural quality of the built 85 environment especially in the main towns, Ohrid and Struga in North Macedonia, and Pogradec in Albania (part of the buffer zone), but also along the coast outside urban centres; and the inappropriate and

5

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

excessive use of the coast for tourism exploitation all have a negative impact on the property, and undermine the possibility to appreciate "the convergence of well-conserved natural values with the quality and diversity of its cultural, material and spiritual heritage [which] makes this region truly unique". These developments and activities not only have occurred in the past, but they have been ongoing, legally and informally, along coastal stretches, thus making the property highly vulnerable, and are also envisaged in planning provisions and in progressing project proposals. These threats worsen an already vulnerable situation due to considerable accumulated transformations that have occurred since the inscription of the property in North Macedonia and over the last three decades in Albania. Increased urbanization and infrastructure development along the coast have progressively interfered with natural resources, causing higher water and timber consumption, increased pollution from untreated wastewater and solid waste, and fragmentation and destruction of native habitats.

The moratorium on any coastal and urban transformation in the property recommended in 2017 was established in August 2019, after a two year delay, by the municipalities of Ohrid, Struga and Debrca in North Macedonia. However, the municipal decisions include several exceptions for a number of building activities, thus voiding the provision. The Mission considers that the moratorium should be reinforced and exceptions significantly limited. Ideally, only ordinary maintenance and works related to wastewater and solid waste management should be considered for exception and allowed to continue, any others should be stopped until the requested assessment is completed. The Mission observes that the Committee decision cannot be considered fulfilled and it is likely that missing the opportunity to enforce a serious moratorium will result in further negative impacts in the future.

Recommendation:

1.g Reinstate as a matter of urgency the construction moratorium which is expected to expire in 2020 and revise the Ohrid, Struga and Debrca municipal decisions on the construction moratorium to significantly reduce its exceptions, limiting authorised interventions to ordinary maintenance but excluding from the moratorium the installations of transmission lines up to 35kV and substations up to 10kV, fire protection installations, local water supply and upgrade of the existing sewerage treatment system.

Целосно свесни за горенаведените анализи и препораки на УНЕСКО, авторите на Стратегијата и на Нацрт-извештајот за СОЖС, не само што избегнуваат да укажат на неопходноста од стопирање на секаква понатамошна урбана и крајбрежна трансформација, туку предлагаат (односно одобруваат) продолжување на трансформацијата, при тоа користејќи го слободниот превод на нашите одговорни лица „контролирана урбана трансформација", што во реалноста подразбира оставање на отворена врата за понатамошна урбанизација и е дијаметралната спротивност на она што УНЕСКО упорно укажува дека е неопходно за да се стопира доуништување на веќе уништените вредности.

Суштината на Стратегијата за развој на туризмот во Општина Охрид најјасно се гледа преку буџетот кој се предлага за реализација на активностите од Акцискиот план: вкупниот буџет е 297.100 000,00 МКД (или околу 4.900 000,00 Еур), од тоа повеќе од половина – 151.600 000,00 МКД (околу 2.465.040,00 Еур) се средства наменети за марина и урбанизација на и околу Студенчишко Блато.

6

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

На следниве слики се „развојните зони“ кои ги предлага стратегијата, од што, според нас може да се предвиди придонесот на стратегијата кон зачувувањето на вредностите на Светското природно и културно наследство:

1. Развојна зона Североисточно крајбрежје (рачно нанесени граници со жолта боја)



Во оваа развојна зона се наоѓа Подмолје (со црвена боја, заокружена со бела линија), една од деветте еколошки жешки точки на Охридското Езеро (според Планот за управување со Охридскиот Регион, Студијата за ревалоризација на Охридското Езеро и Списокот на природно наследство во Светското наследство Охридски Регион). Подмолје е најголемиот појас на трски на брегот на Охридското Езеро, дефинирано како клучно живеалиште во Студијата за ревалоризација на Охридското Езеро. Појасот на трски во Подмолје е дом на загрозени видови на птици и мрестилиште на крапот. Макрофитската вететација во појасот трски е гнездилиште и хранилиште на презимувачките птици. Биолошката разновидност и конкретното богатство на птици е една од

7

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

причините поради кои Охридскиот Регион го исполнува критериумот бр. 7 за природно наследство ("The natural birdlife of the Lake also contributes significantly to its conservation value." – од номинациското досие).
**Урбанизацијата на околината на Подмоље се наведува како најголема закана за ова клучно живеалиште во Студијата за ревалоризација на Охридското Езеро.**

Авторите на Стратегијата за развој на туризмот сметаат дека за оваа развојна зона има потреба од план за урбанизација, физибилити студија за заштита на животната средина во функција на туризмот, имиџ и расчистување на просторот; гледаат можности за инвестирање во здравствени и социјални установи, сместувачки капацитети, викендички и вили, улици и инфраструктура. Со други зборови **Стратегијата предлага инвестирање во урбанизација, заканата која веќе негативно го афектира клучното живеалиште на Охридското Езеро.**

Нацрт-извештајот за СОЖС го наведува Подмоље како локалитет со природни вредности под закана, но не го споменува во описот на природното наследство во Охридскиот Регион. СОЖС Извештајот не се бави со влијанието на предложената урбанизација на околината на Подмоље и следствено на тоа не ни предлага конкретна мерка, камо ли да укаже дека урбанизација на оваа територија не би смеела да се спроведе имајќи го предвид нејзиното веќе констатирано негативно влијание врз клучното живеалиште.

Укажуваме на следниве забелешки во СОЖС Извештајот за Планот за управување со Охридскиот Регион:

Реката Сатеска има повеќекратно потврдено негативно влијание врз квалитетот на водата на Охридското Езеро, како и на животинските и растителните заедници кои го населуваат неговиот литорал. 5,28% или 53,96 km2 од територијата се зафатени со високо ниво на ерозија (Блинков и сор. 2004) што придонесува реката Сатеска да депонира повеќе од 100.000 m3 /годишно седимент во езерото. Вкупно 38,1 тон од овој материјал е фосфор, кој се акумулира близу до устието на реката. Наносот кој се депонира во Езерото комплетно го менува обликот на литоралот на влезот на реката (сл.7)
Овие количини на акумулирани седименти од устието до селото Подмоље се голема закана и за рибниот фонд во Езерото, бидејќи рибите не положуваат јајца, а седиментот влегува во жабрите на млади риби и тие угинуваат.

Во поголем број населени места во руралниот дел на општините околу Езеро, не се изведени фекална и атмосферска канализациска мрежа. При поголеми атмосферски врнежи доаѓа до мешање на фекалните и атмосферските отпадни води при што заради недоволниот капацитет на канализациската мрежа доаѓа до излевање на отпадната вода од шахтите и поплавување на делови од населените места. Исто така, при вакви појави доаѓа до преоптеретување на колекторот од Системот за заштита на Охридското Езеро, заради што отпадните води недоволно пречистени се

8

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

испуштаат во езерото. Кај Подмолје излевањето на фекални отпадни води предизвикува загадување на езерото и непријатна миризба, но и го поттикнува растот на трската. Ова би се сметало како корисно бидејќи трската додава структурна разновидност, обезбедува живеалишта и место за мрест и одгледување за риби и птици, а воедно и го намалуваат оптоварувањето на хранливите материи (GIZ, 2017).

**БАРАМЕ во оваа развојна зона да не се предвидува понатамошна урбанизација; да се предложи забрана за пливање во околината на појасот трски кај Подмолје (односно зоната на строга заштита предвидена во Студијата за ревалоризација на Охридското езеро), како и забрана за било какви пловни објекти во овој дел од езерото; да се препорача ревитализација на клучното живеалиште; да се предвиди расчистување на акумулираните седименти од р. Сатеска; да се наведе потребата за отстранување на диоградбите во оваа област; да се предложи воспоставување на Програма за набљудување на птици (и за истата да се алоцираат соодветни средства во буџетот); да се предвидат едукативни тури со цел запознавање на туристите со богатството на птици и специфичното живеалиште, како интегрален дел од ИУВ на светското наследство; да се предвиди трансформација и стандардизација на плажите во оваа зона во плажи со сино знаме (blue flag beach).**

2. Развојна зона Охрид – нов град



9

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

Во рамките на оваа развојна зона се наоѓаат 2 од 9 еколошки жешки точки: Мазија и Студенчишко Блато.

Мазија е ревитализирано живеалиште на жолтиот локвањ, мрестилиште на крапот и гнездилиште на птиците.

Студенчишко Блато е еколошка жешка точка со посебно значење – тоа е последниот остаток од некогашното екстензивно мочуриште, од исклучителна важност за екосистемот на Охридското Езеро, но и самото блато како живеалиште на голем број видови, заштитени на меѓународно ниво (вклучително и загрозени видови). Од 2021 година Студенчишко Блато, заедно со Охридското Езеро се прогласени за Рамсар подрачја. (СОЖС Извештајот содржи доволно информации за значењето и вредностите на оваа еколошка жешка точка).

**Студенчишко Блато посебно се истакнува како сензитивна област во извештаите на УНЕСКО** (и од 2017 и од 2020 година), **со посебен акцент на потребата од негова ревитализација, повторно воспоставување на прекинатата врска со езерото (поради пешачката патека изградена наспроти укажувањата на мисијата од 2017 година) и забрана за урбанизација во и околу блатото, особено забрана на марина. <u>Првата препорака од мисијата во 2020 година е засекогаш да се напушти планот за изградба на марина во или околу Студенчишко Блато, а рокот за нејзино исполнување е – веднаш.</u>**

За оваа зона, но и за сите останати кои го вклучуваат крајбрежјето укажуваме и на следниве Препораки на мисијата од 2020 година:

2.h Restore ecologically sensitive sections of the lakeshore that have been degraded such as the Studenčišča Marsh and ensure their connection to the lake, including removing seasonal tourism facilities and moving them to less sensitive sections of the coast;

2.i Prevent the construction of permanent structures along the beach adjacent to the new promenade being built at Studenčišča Marsh and that temporary ones are strictly regulated in terms of material used, ease of dismantling, shape, size;

2.j Carry out within an 18-month timeframe the revision of the uses of the lakeshore in all existing or draft plans taking into account the OUV of the property and its attributes and avoid further degradation of the integrity of the lakeshore, also ensuring that temporary legal structures are dismantled at the end of the tourist season

И во Студијата за ревалоризација на Охридското Езеро се укажува на значењето на овој дел од езерото, кој е предвиден да биде зона на строга заштита – оваа област е дом на еден од посочените клучни видови птици – малиот корморан (Phalacrocorax pygmeus), строго заштитен вид на национално ниво и од страна на Бернската Конвенција, а се наоѓа и на Анекс „ од Европската Директива за птици. **<u>Меѓу заканите за овој вид се наведуваат вознемирувања од човекови активности, особено пловни објекти и деградација на блатото; како неопходна мерка за заштита</u>**

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

**се наведува минимизирање на вознемирување од страна на луѓето.** Студијата посочува дека овие птици во Охридското Езеро бараат недопрени и мирни делови од брегот за гнездење и сушење, слично како и другите видови птици, поради што и се препорачува овој дел да биде зона на строга заштита.

Важно е да се напомене дека бројот на водните птици на Охридското Езеро бележи драматичен пад во последните години – од 79.000 во 1989 година на само 10.000 во 2010 година. Ова се истакнува во Извештајот на мисијата од 2020 година, и се посочува дека порастот на туризмот и измените на брегот на езерото (особено уништувањето на трските и блатото), заедно со тековниот процес на еутрофикација и рибокрадството се главните причини за ваквата состојба.

Стратегијата констатира дел од проблемите во оваа зона, но потоа како потреби за подобрување наведува токму дел од заканите кои ги констатираат експертите на УНЕСКО (како и домашните експерти), вклучувајќи ја и активноста која УНЕСКО смета дека треба итно (во 2020) да се напушти засекогаш: Уредување на пристанишни објекти и марина; следствено на ова како можност за инвестирање наведува „уредување и опремување на пристаништа и изградба на марина“, како и други деструктивни активности: Инвестирање во нови локации, изградба на објекти и проширување на сместувањето, Јавно-приватно партнерство во изградба на јавни гаражи. **Стратегијата за туризам предлага активности кои имаат потенцијал неповратно да уништат една од најзначајните еколошки жешки точки на Охридското Езеро, вклучително и активност за која постои експлицитна препорака да не се спроведе никогаш.**

Нацрт-извештајот за СОЖС го анализира влијанието на предложените активности врз Студенчишко Блато, но фактички дозволува урбанизација околу блатото и изградба на марина во оваа област, не предлага никаква реална мерка за заштита на блатото, не ја ни споменува препораката од УНЕСКО засекогаш да се напушти планот за изградба на марина во Студенчишко Блато.

*Забелешка: деталната анализа на мерките за намалување на негативното влијание во Нацрт СОЖС извештајот е подолу во овој документ.*

**УКАЖУВАМЕ дека план за изградба на марина во Студенчишко Блато е директно прекршување на Законот за управување со Охридскиот Регион, член 4, став (1): Покрај одредбите од овој закон, при управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион се применуваат и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Конвенција.**

**БАРАМЕ и Стратегијата и СОЖС Извештајот да ја наведат и спроведат препораката 1а од Извештајот на Реактивната мониторинг мисија во 2020 година, да посочат дека е противзаконски планирање на марина во Студенчишко Блато; да укажат дека е неопходна забрана за**

11

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

**урбанизација на територијата на и околу Студенчишко Блато; да предвидат План за ревитализација на Студенчишко Блато кој ќе се изработи во тесна соработка со Рамсарската Конвенција; да укажат на потребата од итно воспоставување на врска меѓу блатото и езерото; да се препорача затворање на плажите кај Студенчишко Блато и Горица Север, кои излегуваат на дел од езерото кој според Студијата за ревалоризација е зона на строга заштита, како и целосно отстранување на објектите на овој дел од крајбрежјето; во оваа област (брегот покрај зоната на строга заштита во езерото), како и во областа Мазија да се препорача отстранување на сите пловни објекти и враќање на природата во нејзината изворна состојба; Стратегијата да предвиди Програма за развој на научен туризам (претходно посочената Програма за развој на набљудување на птици важи и за овој и сите останати делови), како и едукативни тури во оваа развојна зона.**

3. **Развојна зона Поранешна општина Косел**

Во оваа зона стратегијата предлага изградба на ски центар на Плаќенска планина (зимски патеки за нордиско скијање). Укажуваме дека истражувањата на терен на Македонското Еколошко Друштво упатуваат дека балканскиот рис (критички загрозен вид, заштитен и на национално и на меѓународно ниво) ја користи Плаќенска планина како коридор за движење помеѓу Маврово, Галичица и Пелистер. **Во оваа смисла бараме СОЖС Извештајот да се дополни со мерка „Изработка на Студија за утврдување на можно присуство на рисот на Плаќенска планина" како предуслов за можно планирање на ски центар.**

Потсетуваме на Препораката на Бернската Конвенција бр. 211, од 2021 година:
„(С. Македонија) да ја унапреди соработката меѓу НП Маврово, соседните национални паркови, придружните заедници и преостанатите или потенцијалните подрачја на кои се движи рисот во соседните држави, со цел конзервација на дивиот свет и живеалиштата, како и управување кое ќе осигура поврзаност на овие подрачја и експанзија на популацијата на рисот. Во оваа смисла да се размисли за развивање на Национален акциски план за рисот."

4. **Развојна зона Источно крајбрежје**



12

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

Во оваа развојна зона влегуваат 4 биолошки жешки точки (според Планот за управување со Охридскиот Регион, Студијата за ревалоризација на Охридското Езеро и Списокот на природно наследство во Светското наследство Охридски Регион): Вели Даб, Веља Пеш, Заум (Св. Петар), Свети Наум.

Вели Даб и Веља Пеш се прогласени за еколошки жешки точки поради сублакустриските извори, овие области се плодиште на пастрмката, значајни се и за биодиверзитетот на бентосна фауна.
Заум (Свети Петар) е област на крајбрежни и сублакустриски извори, мрестилиште на пастрмка и биодиверзитет на бентосна фауна.
Свети Наум е една од најзначајните еколошки жешки точки на Охридското Езеро – овде се наоѓаат најиздашните извори од каде доаѓа речиси половина од водата на Охридско Езеро, областа е мрестилиште на пастрмки и краповидни риби, се карактеризира со биодиверзитет на бентосна фауна, Св. Наум е единственото живеалиште на барската ангелика (критично загрозен вид на националната црвена листа, строго заштитен вид на Апендикс 1 од Бернската Конвенција).
Областа на Св. Наум е строго заштитена зона на НП Галичица, во која Законот за заштита на природата забранува секакви активности, освен научни истражувања со посебна дозвола. Во реалноста овој витален дел од езерото е целосно узурпиран од платформите на ресторанот Острово, за време на летната сезона овде поминуваат и по 1000 посетители дневно, во водите на изворите се организираат пловидби со кајчиња, во езерото има голем број на пловни објекти, итн. Зоната на строга заштита во нашето највредно природно богатство е зона на гужва, бучава, огромни количини на отпад (вклучувајќи и отпадни води од фекалиите од ресторанот кои се истураат директно во езерото), висока фреквенција на автомобили и загадување од истите, итн.

Во оваа зона се и крајбрежните села и населби, кои во последната деценија бележат експанзија на урбанизацијата, вклучително и огромен број на дивоградби, со што е видно нарушен пределот, кој е една од Исклучителните Универзални Вредности поради кои Охридскиот Регион го заслужува статусот на светско наследство. Овие села и населби се значителен извор на загадување на езерската вода, поради отпадните води – експанзијата на урбанизирање дополнително го влоши овој проблем. На проблемот со урбанизацијата на крабрежјето укажуваат и двете мисии, а Планот за управување со Охридскиот регион укажува дека, со цел да се намали заканата од урбанизација, со планот не се предвидува урбанизација надвор од веќе постоечките градови и населби. Третманот на плажите (вештачката деформација на брегот) кои во најголем дел се наоѓаат токму во оваа зона, како и плановите и проектите за понатамошни интервенции на брегот (нови плажи) и плановите за проширување на постоечките и изградба на нови пристаништа – се токму проблемите поради кои и мисијата од 2017 и таа од 2020 препорачуваат итно воспоставување на мораториум на секаква урбана и крајбрежна трансформација.

Стратегијата за туризам во оваа зона, предвидува активност со позитивно влијание - отстранувањето на дивоградбите, но истовремено како еден од проблемите го гледа

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

неискористениот простор за плажи; смета дека за подобрување на состојбата потребно е проширување на опфатот за лоцирање плажи, формирање центар за спортови на вода, уредување на пристанишни објекти; а како можности за инвестирање ги посочува концесиите на плажите (со почитување на меѓународни стандарди) и јавно-приватно партнерство, изградба на објект како центар за спортови на вода, Јавно-приватно партнерство во изградба на јавни гаражи, инвестирање во уредување и опремување на пристаништа.

Нацрт СОЖС Извештајот не предлага никакви реални мерки за намалување на негативното влијание (фразите од типот „да се почитува законот", „да се спроведе во согласност со Планот за управување" и сл. не се никакви мерки – почитување на законите се подразбира во секое цивилизирано општество)

На повеќе места во Стратегијата и (и во Нацрт-извештајот за СОЖС) се споменува „уредување на плажите во согласност со препораките на УНЕСКО". Повторуваме дека препораките на УНЕСКО во однос на плажите и крајбрежјето се: итен мораториум на било каква урбана и крајбрежна трансформација (кој државата требаше да го спроведе уште во 2017 година), итно усвојување на забрана за било какви градежни активности (во Извештајот на мисијата од 2020 година, повторена истата препорака од 2017, со прецизирање што се подразбира под „мораториум" и потенцирање дека донесените одлуки од страна на општините не може да се сметаат за имплементација на препораката); законски да се регулираат туристичките активности, подвижната опрема на плажите и комерцијални активности на отворено, како и Урбанистички и Крајбрежен План базирани на заштита на ИУВ (наместо постоечкиот ГУП кој е закана за вредностите и за кој УНЕСКО препорачува да не се реализира тоа што не е сеуште реализирано, а веќе реализираното да се ревидира).

**БАРАМЕ во Стратегијата и во СОЖС Извештајот да се укаже на неопходноста во областа на Свети Наум да се почитува и спроведува Законот за заштита на природата, и во оваа смисла неопходноста од итно отстранување на платформите на ресторанот Св. Наум и враќање на природата во нејзината изворна состојба. Укажуваме дека НП Галичица веќе еднострано ја раскина Спогодбата за регулирање на меѓусебните односи со Острово БДБ Дооел Охрид и побара отстранување на ресторанот. И во Планот за управување со Охридскиот Регион се наведува потребата од враќање на деградираната природа во првобитна состојба и се посочува токму Острово - Св. Наум. И СОЖС Извештајот за Планот за управување на НП Галичица го посочува истото. Исто така, бараме во стратегијата и во Нацрт СОЖС Извештајот да се укаже на потребата од забрана за пловење по изворите. Посетите во областа на Св. Наум да бидат строго регулирани и да вклучуваат ограничување на дневниот број посетители и влезница со ограничено време на посета. Претходно споменатата Програма за развој на научен туризам ја вклучува и оваа област (но со посебни ограничувања за областа на Св. Наум). Сметаме дека е неопходно и да се препорача забрана на пловни објекти кај Св. Наум, освен за јавниот транспорт (со наведените ограничувања на бројот на посетители и време на престој). Сметаме дека соодветно за најстарото езеро во Европа и едно светско природно и културно наследство е сите плажи (од кои најголем**

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

**дел се токму овде) да бидат плажи со сино знаме и Стратегијата треба да ја предложи и буџетира трансформацијата/стандардизацијата, одржувањето и промоцијата на ваквите плажи. Во крајбрежните села да се препорача стопирање на дополнителна урбанизација и итно решавање на проблемот со отпадните води. Да се предвиди Програма за развој на екотуризам (во согласност со препораката на УНЕСКО и според стандардите за екотуризам на ИУЦН).**

**5. Перигаличка развојна зона и Развојна зона Галичица**

Овие две развојни зони се всушност најголемиот дел од Националниот Парк Галичица, кој сам по себе е исклучително вредно природно богатство, заштитено на национално и меѓународно ниво по повеќе основи, за кое како особена закана мисиите на УНЕСКО ја истакнуваат урбанизацијата и постоењето на голем број диви градби.

Стратегијата предлага неколку позитивни активности (како поддршка за реставрација на старите куќи) но посебен акцент става токму на урбанизацијата на селата во НП Галичица. Отстранување на дивоградбите, и покрај фактот дека се констатираат како проблем, не се предвидува. Во Препораката бр. 9 од мисијата во 2017, која се однесува на дивоградбите на територијата на светското наследство, како посебно итно се посочува справувањето со дивоградбите на територијата на НП Галичица. И мисијата од 2020 година го истакнува неопходното отстранување на дивоградбите во рамките на националниот парк:

2.d Speed up the process of demolishing negatively-impacting illegal buildings/structures both in North Macedonia and Albania by preparing an action plan with identified priorities and timeframes for demolition with a three-year time horizon. This implies:
i. prioritizing for demolition the priorities identified by Galičica National Park and within Ohrid Municipality;
Покрај тоа, мисијата има и Препорака за една од активностите предвидени во Планот за управување со НП Галичица, а која е директно поврзана со туризмот:

7.i Carry out an impact assessment of the off-road vehicle tourism activities currently permitted in Galičica National Park on its protected habitats and species, and develop and enforce regulations to manage these activities within the National Park;

СОЖС Извештајот ни за активностите предвидени во оваа зона не предлага мерки за намалување на негативното влијание, наместо тоа информира дека урбанизацијата на селата треба да се врши со преземање на мерки за спречување на негативните влијанија врз медиумите на животната средина, што е своевиден апсурд, имајќи предвид дека дефинирање на таквите мерки е една од најосновните функции и задачи на СОЖС Извештајот.

**БАРАМЕ активностите со кои се предвидува урбанизација на селата да се прецизираат во насока на јасна определба против дополнителна урбанизација, односно проширување/зголемување на**

15

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

**урбанизираните површини; да се предвиди активност проценка на влијанието врз животната средина на сите дивоградби на територијата на НП Галичица (односно доследно спроведување на препораките 9 и 2д.) и отстранување на сите дивоградби за кои ќе се констатира негативно влијание. Предложената Програма за екотуризам е валидна и за овие зони (како и за сите останати, односно за целата територија на Општина Охрид).**

**Заклучок од анализата на развојните зони, предложените активности во истите и мерки за намалување на негативните влијанија во СОЖС Извештајот:**

Ни Стратегијата, ниту Нацрт-извештајот за СОЖС не го споменуваат мораториумот на секаква трансформација, кој и двете мисии на УНЕСКО го посочуваат како клучна и итно потребна мерка за стопирање на уништувањето на сериозно ранливото светско наследство. Двата документи, со целосно игнорирање на една од најважните мерки за зачувување на наследството, предлагаат/одобруваат опции за понатамошна трансформација и истата ја поврзуваат со „препораките на УНЕСКО".

Упорната посветеност на надлежните (и сите инволвирани страни) да се доуништи она што е останато од вредностите на светското наследство и тоа да се маскира со фрази од типот на „во согласност со препораките на УНЕСКО" е навистина феномен чија логика не можеме да ја разбереме, особено што последиците од ваквата фарса неминовно се оставаат на товар на сопствените деца кои нема да имаат богатство за развивање на туризам, колку и да имаат развиена свест и знаење како тоа да го направат.

Една од нашите први активности за заштита на Охридскиот Регион беше меѓународна петиција во 2015 година, против тогашните проекти (од кои дел сеуште се валидни и се предвидуваат во оваа стратегија). Истата ја потпишаа над 10.000 луѓе од сите страни на светот, а голем дел од нив оставија и пораки. Гласот на туристите, судејќи според нивните сопствени зборови, несомнено е против урбанизација и за заштита на природните вредности. Една од овие пораки (оставена од потписник од Велика Британија, кој поминал неколку лета на брегот на Охридското Езеро во минатото) многу точно го сумира пристапот кон „заштитата" на Светското наследство, кој е евидентен и во овие документи: „Тоа е како да ги исечете дрвата за да направите паркинг за колите на сите кои ќе дојдат да ја видат шумата."

**3. Коментари**

3.1. Предложената Стратегија <u>не се базира на Исклучителните Универзални Вредности</u> (ИУВ) на Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион <u>и не е во функција на нивна заштита и унапредување</u>.

Од приказот на предложените развојни зони, во контекст на еколошките жешки точки идентификувани од страна на сите релевантни документи, а имајќи предвид дека во сите наведени зони се предлага дополнителна урбанизација, вклучувајќи и на подрачјата кои се идентификувани како особено сензитивни и за кои УНЕСКО алармира дека не смее да бидат урбанизирани, нашиот

16

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

став е дека, доколку се реализираат голем дел од предложените активности, Стратегијата значително ќе придонесе кон доуништување на критично ранливите вредности, благодарение на кои Охридскиот Регион е впишан во Листата на светски наследства.

Следствено, предложената Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид не е во согласност со Законот за управување со Светското наследство во Охридскиот Регион.




Развојни зони (со жолто), во кои се предлага дополнителна урбанизација и еколошки жешки точки (црвени полиња заокружени со бела линија + Галичица, целиот национален парк) кои имаат пресудни вредности за статусот на светско наследство.

Принципите на една стратегија која се базира на ИУВ на светските наследства се елаборирани во неколку документи на Конвенцијата за светски наследства, во оваа смисла:

**I) Стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид не кореспондира со Визијата на Програмата за одржлив туризам во светско наследство на Центарот за светско наследство**[2] (а која

[2] https://whc.unesco.org/archive/2012/whc12-36com-5E-en.pdf

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

УНЕСКО ја посочува како документ со кој треба да биде усогласена Стратегијата за развој на туризмот која се базира на ИУВ на светското наследство):

Визијата во Програмата гласи: „Засегнатите страни од светското наследство и туризмот ја споделуваат одговорноста за зачувување на нашето заедничко културно и природно наследство со исклучителна универзална вредност и за одржлив развој преку соодветно управување со туризмот“.

Визијата на Стратегијата за туризам: „Туризмот во Општина Охрид во планскиот период треба да обезбеди одржлив развој изразен преку заштита и унапредување на природното и културното наследство, а со селективноста и алтернативноста да овозможи социо-економски придобивки и да биде препознатлив на највисоко ниво во национални и меѓународни рамки“

Визијата во стратегијата теоретски упатува на заштита и унапредување на наследството (но без прецизирање на исклучителните универзални вредности на наследството), но многу поважно – со предложените активности, а кои во голема мера се фокусирани на понатамошна урбанизација, вклучително и урбанизација на делови за кои УНЕСКО посебно посочува дека понатамошна трансформација и изградба на конкретни проекти, како марина кај Студеничшко Блато, ќе придонесат за доуништување на веќе ранливите ИУВ, во услови кога Охридскиот Регион ги задоволува критериумите да биде прогласено за светско наследство во опасност – е стратегија која води до губење на ИУВ, за што засегнатите страни (носителите на одлуки и сите поврзани лица) не сносат никаква одговорност.

**II) Стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид не е усогласена со мисијата на Програмата за одржлив туризам во светско наследство**

Програмата за одржлив туризам ја определува мисијата како: „Олеснување на управувањето и развојот на одржливиот туризам на подрачјата на светското наследство преку поттикнување зголемена свест, капацитет и урамнотежено учество на сите засегнати страни со цел да се заштитат подрачјата и нивната исклучителна универзална вредност, истовремено обезбедувајќи дека туризмот дава придобивки за зачувување на одржливиот развој на подрачјата за локалните заедници како и квалитетно искуство за посетителите“.

Мисијата на Стратегијата за одржлив туризам, гласи: „Општината Охрид туризмот го прифаќа како приоритетна дејност која е во функција на поттикнување на вкупниот општествен и економски развој“.

Во дефинираната мисија на Стратегијата недостасуваат клучни елементи содржани во мисијата на Програмата, а тоа е поттикнување на поголема свест, капацитет и учество на сите засегнати страни како би се обезбедила заштита на подрачјата и нивните исклучителни универзални вредности.

**III) При изготвување на Стратегијата за одржлив развој на туризмот не се спроведени сите чекори, предвидени со Прирачникот за одржлив туризам во светското наследство на УНЕСКО[3]**

[3] http://whc.unesco.org/sustainabletourismtoolkit/guides/guide-2-developing-strategy-progressive-change

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

Во изработката на Стратегијата прескокнати се првите два чекори – Идентификација на засегнатите страни и Слушање на различни проблеми, предизвици и аспирации.

Ниту последниот чекор од Прирачникот не е почитуван *„Периодично повторно проценувајте ја стратегијата“*. Под овој чекор се предлага: *„Најмалку еднаш годишно, засегнатите страни треба да го споредат напредокот со целите на стратегијата и да се дополни со нови податоци за проблемите“*.

Стратегијата за одржлив развој на туризмот на Општина Охрид не предвидува субјект, механизми и рокови за вршење на мониторинг на спроведувањето на истата и ефектите од нејзината реализација.

**IV) Упатство „Дефинирање на односот помеѓу светското наследство и одржливиот туризам“**

Упатството „Дефинирање на односот помеѓу светското наследство и одржливиот туризам“ укажува: „Туризмот е критичен за светското наследство:

• Како прашање на кредибилитет во однос на:

- потенцијалот туристичката инфраструктура да ја оштети исклучителната универзална вредност,“

Првата стратешка цел дефинирана во Стратегијата за одржлив развој на туризмот гласи: *„Охрид како туристичка дестинација да се потпира на заштитата и унапредувањето на животната средина како основна развојна компонента при што управувањето со капацитетот на просторот, отворениот инвестициски процес и* ***туристичката инфраструктура ќе бидат од приоритетно значење“.***

Урбанизација и развој на туристичка инфраструктура (за која горенаведеното упатство укажува дека има потенцијал да ја оштети исклучителната универзална вредност) се меѓу главните активности на кои се фокусира стратегијата за развој на туризмот во Општина Охрид и секако активности за кои се предвидува најголем дел од буџетот за развој на (одржлив) туризам, со целосно игнорирање токму на препораките од УНЕСКО чија реализација е пресудна за зачувување на ИУВ.

**СОЖС ИЗВЕШТАЈОТ НЕ ГО ПРОЦЕНУВА ВЛИЈАНИЕТО НА ПРЕДЛОЖЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ВРЗ ИУВ НА ПОДРАЧЈЕТО, НИТУ ПРЕДЛАГА МЕРКИ ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ИСТИТЕ**

Конвенцијата за светско наследство, конкретно Параграф 118 bis. од Оперативниот водич за имплементација на Конвенцијата, налага државите-членки на Конвенцијата, да обезбедат дека СОЖС извештаите за планови во или околу светското наследство ќе ги идентификуваат позитивните и негативните влијанија врз ИУВ на доброто. Понатаму, Проценката на влијанието врз светското наследство треба да биде во согласност со Советодавната забелешка од ИУЦН (WORLD HERITAGE ADVICE NOTE: ENVIRONMENTAL ASSESSMENT, 18 November 2013). Во оваа смисла, секој СОЖС Извештај кој се однесува на план во или околу светското наследство треба да ги почитува 8те приниципи за процена на влијание врз светско наследство. Укажуваме особено на приниципот 6,

19

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

според кој Извештајот мора да содржи посебно поглавје со проценка на влијанието на планот врз ИУВ.

### 3.2. СОЖС ИЗВЕШТАЈОТ НЕ ЈА СПРОВЕДУВА ДОСЛЕДНО УРЕДБАТА ЗА СОЖС

Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Службен весник број: 153/2007), во Член 2 дефинира кои информации треба да ги содржи Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

СОЖС Извештајот за стратегијата за развој на туризмот во Општина Охрид:
- во релевантните аспекти на моменталната состојба на животната средина не се осврнува на моменталната состојбата на ИУВ на светското наследство и заклучокот на советодавните тела на УНЕСКО и Центарот за светско наследство дека Охридскиот Регион ги задоволува критериумите да биде впишан во листата на светски наследства во опасност;
- ниту во „други проблеми кои се релевантни за планскиот документ, вклучувајќи ги посебно оние кои се појавиле во некоја од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите“ нема укажување на најсигнификантниот проблем за зачувување на светското наследство – дека според ИУЦН и ИКОМОС вредностите се толку уништени што се задоволени критериумите Охридскиот Регион да се прогласи за светско наследство во опасност;
- во „целите на заштитата на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки“ нема цел заштита и унапредување на состојбата на ИУВ на светското наследство;
- не проценува секундарни, кумулативни, синергистички,_ трајни и привремени позитивни и негативни ефекти на предложените активности;
- не разгледува алтернативи, туку само сценарио без и со имплементација на стратегијата;
- не предлага мерки за заштита, намалување и неутрализирање во најголема можна мерка на сите значајни негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ.

Илустрација на мерките кои ги предлага СОЖС Извештајот:

(Стр. 102) Како мерка за намалување на негативните влијанија од активностите поврзани со стратешката цел 1 се предлага „при донесување на УПД за Студенчишко Блато и каналот да се земат предвид препораките од ГУП за Охрид и препораките од Студијата за валоризација на Студенчишко Блато (од 2020 година) согласно дефинираните зони за заштита кои се во насока на зачувување на биолошката разновидност.“

**Наш коментар:**

Не е јасно на кои *„препораки од ГУП за Охрид“* се мисли – сеуште нема ГУП за Охрид кој ќе биде во функција на заштитата на ИУВ на Светското наследство, и покрај фактот дека УНЕСКО веќе една деценија укажува на итната потреба од донесување на ваков ГУП, а истото го потврдуваат и препораките бр. 6 и 7 од Извештајот на Реактивната мониторинг мисија во 2017 г. **Моментално**

20

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

**важечкиот ГУП за Охрид не смее во ниеден случај да се спроведува во областа на и околу Студенчишко Блато бидејќи истиот предвидува нова марина во блатото, како и урбанизација на целата територија околу блатото – истиот не само што не може да се третира како „мерка за намалување на негативните влијанија", туку мора да се истакне како сериозна закана за Студенчишко Блато (и консеквентно на тоа и за Охридското Езеро и целото Светско наследство).** Самиот авторот на овој Нацрт-извештај за СОЖС, како автор на Студијата за валоризација на Студенчишко Блато го истакнува постоечкиот ГУП за Охрид како закана за блатото.

„Дефинираните зони за заштита" во Студијата за валоризација (од 2020 година) исто така не обезбедуваат доследна заштита на блатото – Студијата не предвидува заштитна (бафер) зона, со што се овозможува урбанизацијата на непосредната околина на блатото (како на пример реализација на УПВНМ Горица Север, кој предвидува урбанизација на околу 17х со викендици, мотели/хостели, ресторани, продавници, клубови, инфраструктура, итн.) и не обезбедува повторно воспоставување на врската помеѓу блатото и езерото, која е прекината со пешачката патека изградена наспроти барањето на УНЕСКО тој проект да не се реализира. Укажуваме дека во рамки на консултациите за случајот кој го покренавме против Македонија пред Бернската конвенција и претставниците на Рамсарската конвенција потврдија дека се загрижени од предложеното зонирање, особено од недостатокот на заштитна (бафер) зона, поради што и изразија интерес да бидат дел од планираната мисија/проценка на терен, како дел од ново-отворениот случај на Бернската конвенција.

Следната предложена „мерка" (уредувањето на Студенчишко Блато и каналот да се врши во согласност со донесената УПД на начин кој нема да предизвика негативни влијанија врз биолошката разновидност) **не е никаква мерка**. СОЖС Извештајот се прави токму за да се посочат конкретни мерки за уредувањето на Студенчишко Блато и каналот да немаат негативни влијанија врз биолошката разновидност и посебните аспекти на истата, вклучително и мерки кои ќе спречат синергични, кумулативни, итн. негативни влијанија. Повторно истакнуваме дека никаква урбанизација во овој дел не може да се смета за било што друго освен закана која е недозволиво да се реализира. Во оваа смисла ги посочуваме следниве (од многуте) цитати од Извештајот на Реактивната мисија во 2020година:

„The Mission notes that a number of development previsions in the existing Plans for Struga and Ohrid concern sensitive areas and might need to be reconsidered or reduced (e.g. along the lakeshore in Ohrid and Struga, and in some inland areas bordering the Galičica National Park, **e.g. near Studenčišča Marsh**)."

Recommendations:

● Assess the negative impacts on the OUV of the property of implemented development provisions of expired GUPs for Ohrid, Struga and Debrca, as well as of all other plans with validity on the property;

● Assess the potential negative impacts on the OUV and its attributes of the yet to be implemented provisions of the GUPs, as well as of other existing plans, and verify the opportunity to cancel or reduce them if needed, on the basis of the recommendations of previous RMMs and of the World Heritage Committee;

● Carry out the Strategic Impact Assessment requested by the World Heritage Committee on all plans and planned infrastructure projects before proceeding with their implementation;

21

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

● Revise / update the GUPs making them consistent with the aim of preserving the OUV of the property and its attributes and approve them.

За утврдување на локација за марина, покрај физибилити студија и УПД, се посочува истата да биде во согласност со препораките од Планот за управување со Охридскиот Регион.

Во Планот за управување со Охридскиот Регион нема никакви препораки за локација на марина, она што постои во овој план е зонирање, според кое локацијата за марина предвидена во актуелниот ГУП за Охрид (во Студенчишко Блато) припаѓа на третата зона со најнизок степен на заштита, во која нема никаква пречка да се изгради марината. Влијанието на скроеното зонирање во овој план според плановите за урбанизација и развој, а не во функција на заштитата на вредностите го сведочиме откако истиот е усвоен. Истакнуваме дека Реактивната мониторинг мисија се осврнува на проблематичното зонирање со можни штетни последици по ИУВ (во времето на мисијата сеуште потенцијален проблем, 2 години подоцна многу реален и со долгорочни штетни последици по зачувувањето на вредностите):

„Progress has been achieved with the finalization of the Management Plan for the property in North Macedonia; however, further improvements and modifications to this plan are necessary, **particularly regarding zoning, based on the findings of the SEA report and of the Advisory Bodies' recommendations: for instance the possibility of development at Studenčišča Marsh has to be reconsidered.“**

„The zoning envisaged by the MP 2019-28 which has been provided to the World Heritage Centre and the Advisory Bodies in far too reduced resolution to allow for a detailed examination of the zoning and their provisions. However, **the proposed zoning for the Management Plan seems to include the possibility that negatively impacting developments can take place: they should be expeditiously revised, as some of them represent potential dangers for the property.**

И следниве препораки:

3.e Ensure that development provisions and zoning proposals that are likely to impact negatively on the OUV of the property and its attributes, including modifications to the zoning of Galičica National Park, are redressed and removed from the revised draft of the Management Plan for the Natural and Cultural Heritage of the Ohrid Region 2020 - 2029 (North Macedonia)

3.f Approve the Management Plan 2020-202917, enforce it, by, first of all, modifying planning provisions in other plans allowing for developments that may have negative impacts on the property, its OUV and attributes, and implement it and support its implementation by allocating adequate human and financial resources and guaranteeing high-level commitment.

Понатаму, за изградба на нова марина, како мерка за намалување на негативното влијание се предлага изградбата да се врши врз основа на изработен проект за кој МЖСПП ќе ја одобри Студијата за проценка на влијанието, во која ќе има мерки за спречување на негативното влијание.

Ни ова не е никаква мерка. 1 – нема градба која се врши без проект и проектот сам по себе во ниедна смисла не обезбедува спречување на негативни влијанија; 2 – МЖСПП е институција која

22

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

свесно одобрува студии кои изобилуваат со законски прекршувања, намерни заобиколувања на значителни негативни влијанија, општи места наместо мерки за намалување на влијанијата, итн. Може да наведеме многу студии и елаборати кои благодарение на одобрувањето од страна на МЖСПП овозможиле уништување на природата и животната средина, во интерес на просторот ќе го наведеме само примерот со елаборатот за ресторанот Острово кај изворите на Св. Наум, кој флагрантно го крши Законот за заштита на природата, а без никаков проблем е одобрен од МЖСПП. Со други зборови, одобрувањето од страна на МЖСПП не подразбира обезбедување на заштита на природните вредности, истото не обезбедува ни основно почитување на законите кои се токму во надлежност на МЖСПП; 3 – искуството наново и наново покажува дека Студиите за проценка на влијанието во нашата земја се речиси по правило со субстандарден квалитет, многу ретко го запазуваат (дури и формално) и најбазичниот законски минимум за содржината,  и речиси не содржат вистински мерки за конкретно намалување на конкретни влијанија врз конкретни вредности, туку површни фрази без никакво реално значење.

Со оглед на фактот дека од расположивите информации може да се заклучи дека не се исклучува можноста за изградба на марина на локацијата која е предвидена во актуелниот ГУП за Охрид (во Студенчишко Блато) укажуваме на Препораката 1а од Извештајот на Реактивната мисија во 2020 година: **Засекогаш да се напуштат плановите за марина кај Студенчишко Блато и да се отстранат од сите планирачки инструменти, зонирања кои дозволуваат развој, вклучително и за рекреација, кај Студенчишко Блато** *(Permanently abandon plans for a marina at Studenčišča Marsh and remove from any planning instruments, zoning provisions allowing development, including leisure zones, at Studenčišča Marsh)* **– за која рокот за реализација (даден во 2020 година) е: Итно**

Во однос на уредувањето на плажите, како мерка за намалување на негативното влијание се наведува препорака физибилити студијата да биде во согласност со Планот за управување и Планот за управување со сливот на Охридското Езеро.

Повторно, нема никаква мерка. Сите активности на територијата на Светското наследство се подразбира дека мора да бидат во согласност со Планот за управување (тоа го налага Законот за управување со Охридскиот Регион). Почитување на законите е основна претпоставка на секое цивилизирано општество, прикажувањето на истатата како „мерка за намалување на негативното влијание" го читаме како обид да се пополни просторот во Нацрт-извештајот, во кој нешто мора да се напише. План за управување со сливот на Охридското Езеро всушност и нема, барем не формално усвоен (врз основа на одговорот кој го добивме од страна на МЖСПП во врска со истиот). Документот со таков наслов е производ на процес кој флагрантно го крши Законот за животна средина и Архуската конвенција бидејќи во процесот на неговата изработка не е почитувана ниту една одредба за информирање и учество на јавноста. Со други зборови тоа е незаконски донесен документ кој не смее да биде третиран како валиден, уште помалку земен како референтен документ за било каква активност.

**4. Обезбедување мислење од Центарот за светско наследство на УНЕСКО и неговите советодавни тела**

23

FRONT 21|42

Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

Бараме Стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид и Нацрт СОЖС Извештајот за стратегијата да се достават до Центарот за светско наследство на УНЕСКО и неговите советодавни тела, заради обезбедување на мислење во врска со истите, како и да ни доставите копија од добиените мислења.

**Укажуваме дека го задржуваме правото да доставиме дополнителни коментари и уште еднаш го повторуваме барањето за продолжување на рокот - овозможување дополнителни 30 дена за доставување на забелешки, мислења и предлози во врска со Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид и Нацрт СОЖС Извештајот, како би можеле да го оствариме правото на ефикасно учество во донесувањето на одлуки поврзани со животната средина.**

Со почит,
Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42"

24